

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ГО САКАМ КАВАДАРЦИ



ОПШТИНА
КАВАДАРЦИ
MUNICIPALITY OF
KAVADARCI
Razmer / Scale 1 : 140 000
ЛЕГЕНДА/LEGEND
10 000-50 000
5 000-10 000
2 000-5 000
1 000-2 000
500-1 000
100-500
До 100 жители
Bellow 100 Inhabitantsand less
Раселено село
Deserted Village
Помали растојанија во km
Short Distances in km
Големи растојанија во km
Long Distances in km
Магистрален пат
Highway
Регионален пат
Regional Road
Локален модернизиран пат
Local Modern Road
Локален немодернизиран пат
Local Nonmodern Road
Други патишта
Other Roads
Железничка пруга
Railway
Премин
Pass
Река
River
Езеро
Lake
Граничен премин
Border Crossing
Урнатини
Ruins
Црква
Church
Број на пат
Road Number
Бензинска пумпа
Gas Station
Висинска точка
Peak Elevation
ХЕЦ
Hydroelectric PS
Хотел
Hotel
Мотел
Motel
Gradsko
St. Gradsko
OPŠTINA GRADSKO
Stobi
Vardar
Palikura
Kurija
Crveni Bregovi
Krivolak
Pepelište
Rosoman
Ribarci
Sirkovo
Manastirec
OPŠTINA ROSOMAN
Sopot
Negotino
Sv. Gorgi
Trstenik
Marena
Timjanik
OPŠTINA ČAŠKA
Mrzen Oraovec
Popadija
Vladilovci
Krnino
Kamen Dol
Debrište
Fariš
Drenovo
Nikodin
Rakle
Gradište
Glišik
Feni Industri
Sivec
Vozarci
Raec
Eudarist (Devol)
KAVADARCI
Vataša
OPŠTINA NEGOTINO
Tremnik
D.Disan
Vojšanci
Bistrenci
Korešnica
Košarka
Čelevec
Pržedevo
Demir Kapija
Crkva od XIV vek
Vozdušna Banja
Trsteno
Dradnja
Dabov Vrv
Brušani
Pešterska crkva
Resava
Rekreativen Centar
Topolica
Kesendre
Gol. Radobil
Mal. Radobil
Trojaci
OSTROV GRADOT (STAR GRAD - TIKVEŠ)
Dabnište
Mokliško Kale
G. Disan
Vešje
Besvica
Čiflik
Klisura
Dren
Šeškovo
Dobrotino
Begnište
Sv. Lazar (pešterska crkva)
Manastir Sv. Nikola
Carevik
Smolani
OPŠTINA PRILEP
Pravednik
Košani
Garnikovo
Bunarče
Barovo
Dračevica
Koprišnica
Dren
Polóški manastir
Hranilište za orli
Stragovo
Strmaševo
OPŠTINA DEMIR KAPIJA
Dragožel
Krnjevo
Vinarnica „Grkov"
Drvo „Gol Čovek"
Čemersko
D. Bošava
G. Bošava
Sv. Spas
Bohula
Gugakovo
Vepрčani
Polóško
TIKVEŠKO EZERO
Kumaničevo
Gradište
Bojančište
Radnja
Konopište
Klinovo
Odmoralište Mihajlovo
Sermenin
Mrežičko
SKI CENTAR „KOŽUF"
OPŠTINA GEVGELIJA
Konsko
Rožden
Ržanovo
Majden
Alšar
Huma
Strongili
Aetohorion (Tušim)
Langadija (Lugunci)
G R C I J A
KS
SRB
BG
MK
AL
GR
Prizren
Kumanovo
Kystendil
Blagoevgrad
M. Kamenica
Kočani
Delčevo
SKOPJE
Tetovo
Kuks
Gostivar
Veles
Štip
Berovo
Strumica
Kavadarci
Dojran L.
Kičevo
Prilep
Gevgelija
Ohrid
Bitola
Elbasan
SOLUN
Инвеститор:
Општина Кавадарци
Изработка:
Тритакс Картографија
Стручна соработка:
Сектор за комунални работи, урбанизам и ЗЖС - Кавадарци

## Драг читателу,

Книгата што ја имаш пред тебе, ти ја подаруваме по повод твојот најзначаен роденден и полнолетството. Влегувањето во една нова етапа од животот сигурно те прави по малку несигурен но и бескрајно љубопитен за тоа што ќе се случува понатаму. Ова е можеби најубавиот, но и најзначајниот период од твојот живот. Пред тебе се предизвици, важни одлуки, за кои треба да се трудиш, големи чекори кои чекаат да бидат направени.

Прелистувајќи ги страниците на оваа книга, ќе го запознаеш твоето Кавадарци, од неговото постоење па се до денес. Книгата содржи кратки но важни информации за твојот град. Ќе те вратиме назад во минатото, многу одамна, во животот на твоите предци, ќе те запознаеме со неговите корени, растежот, развојот и системот на функционирање. Ќе погледнеш како изгледале улиците по кои сега чекориш, и ќе ја воочиш големата разлика на убавото Кавадарци кое низ времето го менува својот лик, но го задржува духот на југот, гостопримливоста и топлината.

Низ збор и слика ќе го осознаеш твојот град Кавадарци, кој подеднакво ја почитува традицијата, ја живее сегашноста и ја планира иднината.

Ова е твојот роден крај во кој ќе посакаш секогаш да се вратиш. Но Кавадарци ти нуди голем број можности кои ќе те предизвикаат своето знаење, искуство и градењето на семејството да ги направиш токму овде, во твоето Кавадарци.

„Го сакам Кавадарци“ нека ти биде книга што ќе ја носиш секогаш со тебе. Нека те потсетува на малото внимание од општината за твојот најдраг роденден и за убавините во кои си роден. Нека те потсетува на детството и твоето чекорење кон светот на возрасните.

Нека те потсетува на градот што те сака, твоето родно Кавадарци.



**Почитуван/а,**

Мотото со кое влегов во овој предизвик беше ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ , КАВАДАРЦИ НА ПРВО МЕСТО, и секој ден продолжувам напорно да работам водејќи се според овие зборови.

Ја започнав оваа битка затоа што го сакам Кавадарци. Да се биде градоначалник на една ваква општина пред се е задоволство а потоа и огромна одговорност. Посакував да исполнам многу желби , да реализирам нови проекти, да создадам нов лик за нашето убаво Кавадарци.

Како поминуваат деновите така бројот на реализирани проекти се зголемува. Ликот секојдневно се менува а се започнати и голем број на проекти кои уште толку ќе внесат свежина и ќе отворат нови можности за нашето Кавадарци.

Секоја работа е тешка , но ако работиш со љубов и имаш доволно инспирација , работните обврски ги исполнуваме со позитивна енергија. Моите три деца се мојата најголема инспирација. Една од причините поради која работам напорно е желбата , генерациите на моите деца да останат да го живеат својот живот во нашето Кавадарци. Да бидеш дел од процесот низ кој поминуваме, за Кавадарци да биде на прво место е задоволство но и чест. Да градиш кариера , семејство и дом и да бидеш успешен и задоволен во својот роден крај е огромна привилегија. За среќа Кавадарци веќе брзо се искачува кон скалилата кои нудат безброј можности и станува плодна почва за бизнис и кариера и добри услови за живот за вас а во иднина и за вашите деца.



Истражувајте го светот, соберете искуства и вратете се во својот роден крај. Дајте го својот придонес со своето знаење и труд.

Го сакам Кавадарци, сакајте го и вие.

Со почит,
Градоначалник
м-р Митко Јанчев

# #РоденКрај



*Таму негде под сино јужно небо*
*кај што сонцето пушта златен сјај*
*среде ридови, голи, и винови лози*
*се шири, расте, цвета еден град.*

# #Кавадарци

# #НовПочеток




# #Кариера



# #Семејство


КАВАДАРЦИ
карта на градот
KAVADARCI
city map
1 : 8 000
www.kavadarci.gov.mk
N
W
E
S
NEGOTINO
ROSOMAN SKOPJE
PRILEP
TIKVEŠKO EZERO
FENI - INDUSTRI
SEVEREN BULEVAR
BULEVAR MAKEDONIJA
BUL. KOČO RACIN
BULEVAR MOŠA PIJADE
BULEVAR VIDOE SMILEVSKI
7 - mi SEPTEMVRI
29 NOEMVRI
S. Gliših
s. Vataša
KABRA AMBALAŽA
IGM
UNI PALAS 2
UNI PALAS 1
JFK
VETERINARNA STANICA
OU GOCE DELČEV
RADA POCEVE
ANGROPROMET
JAVEN CARINSKI PROSTOR
V.V. TIKVEŠ KAVADARCI
SPORTSKA SALA JASMIN
SPORTSKI CENTAR
GRADSKI BAZEN
GRADSKI GROBIŠTA
GRANIČNA POLICIJA
UJP
AVTOBUSKA STANICA
TIKVEŠKO VOSTANIE
MARKOVA KULA
OU STRAŠO PINDŽUR
DOM NA KULTURA
MUZEJ
BALKAN
ZGRADA NA OPŠTINATA
DSU. LOZARO VINARSKO UČILIŠTE
OU DIMKATA ANGELOV GABEROT
CENTRALNA GRADINKA RADA POCEVE
OU TODE HADŽITEFOV
OU TOŠO VELKOV PEPETO
AGENCIJA ZA VRABOTUVANJE
SPORTSKA SALA PARTIZAN
GRADSKI STADION
GRADSKI PARK
SPOMEN KOSTURNICA
EMUC KIRO SPANDŽOV BRKO
FAKULTET ZA ENOLOGIJA I KOMPJUTERSKI DIZAJN
UČENIČKI DOM KRSTE P. MISIRKOV
SERTA
ZSUC GORČE PETROV
MEPOS
J. P. MAKEDONSKI ŠUMI, BOR
MIK KAVADARCI
PEČATNICA DASKAL KAMČE
SINALKO
KOŽUVČANKA
SV. DIMITRIJA - GLIŠIK
P.E. SLOGA
OU DIMKATA ANGELOV GABEROT
MUZEJ
SKI CENTAR KOŽUF
S. MOKLIŠTE
A B C D E F G H I
1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

## За општината

Општина Кавадарци се наоѓа на јужниот дел од Република Македонија, во централниот дел од Повардариeто, во средиштето на Тиквешката котлина. Зафаќа површина од 1.132 **км².** Границите на општината на југ се поклопуваат со државната граница кон Грција и дел од општина Гевгелија, на исток граничи со општините Неготино и Демир Капија, на запад со општините Прилеп и Чашка, а на север со општината Росоман.

Општината се простира на надморска височина од 200 метри во низинскиот дел до 2.165 метри во планинскиот дел на врвот Зелен брег на Кожув планина. Кавадарци лежи на надморска височина од 230-270 метри.

На јужниот и југозападниот дел од општината се наоѓаат високи и средни планини: Кожув и Вишешница, кои кон север преминуваат во понизок и ридест предел во висорамнината Витачево и ридот Љубаш. Како посебна релјефна целина се истакнува дното на Тиквешката котлина како ниско-рамничарски предел. Хидрографијата на просторот ја чинат повеќе реки и две водени акумулации. Позначајни реки се: Луда Мара (Велика, Ваташка Река, Бунарска река, Куријска река) која тече низ градот Кавадарци, како и водотеците на Црна Река, Раец, Бошавица и Дошница. Сите овие реки се вливаат во реката Вардар и припаѓаат на Егејското сливно подрачје.

Во непосредна близина на Кавадарци се наоѓаат две вештачки водени акумулации. Езерото Тиквеш, кое е најголема вештачка акумулација во Македонија според површината, како и малото езеро Градот во горниот тек на реката Луда Мара, создадено по катастрофалното лизгалиште на ридот Градот во 1958 година.

Општина Кавадарци се одликува со своевидна модификација на медитеранска, планинска и континентална клима. Просечната годишна температура изнесува 13°C. Највисоката летна температура достигнува до 42° C, а зимската минимална температура достигнува до -20°C.

Етимолошки, името Кавадарци потекнува од грчкиот збор кавадион што значи наметка од скапоцена ткаенина, а кавадарчани биле изработувачи на таа ткаенина. За името на градот постојат и повеќе легенди и народни преданија.

Во историографијата, Кавадарци за првпат под денешното име се споменува во 1519 год, како мала рурална населба во рамките на солунскиот вилает.

Според последниот официјален попис од 2002 година Општина Кавадарци има 38.391 жител, со 11.848 домаќинства. Во однос на половата структура мажи-жени населението е речиси изедначено.

Во рамките на општината има вкупно  34 населени места, од кои две приградски населби с. Ваташа и Глишиќ, како и градот Кавадарци.



Кавадарци

## #Низ вековите

Голем број археолошки локалитети и наоѓалишта откриени на територијата на Општина Кавадарци јасно говорат дека овој простор бил континуирано населен уште во праисторијата (ран неолит), античкиот период, средниот век се до денес.



*Најстарата фотографија на Кавадарци*

Значајни податоци и материјали за постоењето и развојот на Кавадарци оставиле бројните светски познати патописци како: Евлија Челебија, Стефано Кувер, Еспри Мари Кузинери, Ами Буе, Јохан Хан, Александар Башмаков, Атанас Шопов, како и други странски и домашни патописци и историографи. Кавадарци бил главен стопански, трговски и административен центар на Тиквешката каза, чија основна карактеристика на стопанството било земјоделството. Лозарството и производтсвото на грозје, вино и ракија со векови биле најпрепознатливиот белег на Кавадарци ѝ на Тиквешијата. Кон крајот на XIX век само во градот било регистрирано годишно производство на повеќе од 2 милиони оки грозје. Освен грозјето во Кавадарци и околината се произведувало многу квалитетен афион, сусам, памук, анасон, тутун, р'ж, јачмен, пченица, просо, градинсрски и други производи. Пазарните денови биле во среда и во петок, кога се продавал крупен и ситен добиток, како и живина.

Во Чаршиското маало биле распоредени сите трговски и занаетчиски дуќани. Ги имало повеќе од 200, а најмногубројните биле: казанџиските, ортомарските, столарските, опиничарските, шивачките, ковачките, клинчарските, налбатските, аҳџилниските, фурнаџиските, берберските и др. Првата мануфактурна работилница ја отворил евреинот Беџо, а имало и 8 шарлаганџилници и еден млин кој работел на водена пареа.



*Црквинската улица од 1920год.*

Вековната желба за слобода, била присутна и силно изразена и кај кавадарчани. Револуционерниот дух низ вековите, на генерациите борци за слобода успешно е завршен на 7 ми септември 1944 година, со ослободувањето на Кавадарци.

Низ долгата историја за ослободување революционерната свест на населението од градот и општината успешно ги минало сите фази од развојот. Во Тиквешијата во текот на петвековното турско владеење се регистрирани голем број одметнувања и акции на ајдуци против турските насилства и зулуми, но сите биле инцидентни и неорганизирани. Во средината на јули 1894 година во Кавадарци во присуство на Даме Груев е формиран комитет на ТМОРО, прв во Македонија по Солунскиот. Организацијата брзо се шири и добива масовен карактер. Формирани се голем број револуционерни чети предводени од војводите: Петар Јуроков, Добри Даскалов, Пешо Самарџиев, Лазар Боцев, Лазо Сојтерев, Васил Пачаџиев и др. Голем импулс во развојот на движењето за национално ослободување од османлиите дал и престојот на Гоце Делчев во Кавадарци и Тиквешијата во текот на септември 1901 година.



*Четата на Дончо Лазаров-Сојтеријата*

За време на Илинденското востание во тиквешко се водени две значајни борби против турските власти. Првата на 3 ти август 1903 година кај месноста Дреновица, близу с.Шешково и втората кај с.Копришница на 8 ми август истата година.

За време на Втората балканска војна, во средината на јуни 1913 година како резултат на провокациите и насилствата, што ги правеле српските воени власти во овој крај, кренато е „Тиквешкото востание“.

По првичниот успех и седум дена слобода, востанието било крваво задушено, при што биле убиени повеќе од 500 жители на Кавадарци, Неготино, Ваташа и други населени места во тиквешко.



*Карнегиевата комисија ги утврдува жртвите од тиквешкото востание*

Во август 1939 година по иницијатива на Страшо Пинџур, напреден студент од с. Ваташа, по скоро 20 годишна изолација и илегала е обновена работата на Комунистичаката партија од Кавадарци. Таа генерација борци предводена од Страшо и Габерот-даскалот Димката Ангелов, беше единствената идејна и водечка сила која по нападот на Кралска Југославија од страна на фашистичките сили, го поведе народот во Народната борба за национално ослободување. Во текот на 1942 и во почетокот на 1943 година, Месниот и Воениот комитет од Кавадарци презедоа засилени подготовки за исфрлање на партизански одред од овој крај. На 14 мај 1943 година на планината Вишешница беше формиран Тиквешкиот партизански одред „Добри Даскалов", една од најголемите и најборбените партизански единици во тој период во Македонија. Одредот за неполни три недели изведе десетина успешни акции со кој му нанесе сериозни удари на фашистичкиот окупатор. За да го уништи партизанското движење окупаторот презема големи офанзивни дејства познати во историјата како „Јунска офанзива", во која се вклучени повеќе од 12.000 војници и полицајци. Во рамките на оваа офанзива на 16 јуни 1943 година во с.Ваташа стрелани се дванаесет ваташки младинци, едно од најголемите злосторства што ги изврши Бугарскиот окупатор во Македонија.



*Борци од одредот „Страшо Пинџур"*

Во втората половина на 1943 година се разгоре НО движење во целиот Тиквешки крај. До крајот на 1943 година формирани се многу значајни партизански единици со борци од овие простори како: баталјонот „Страшо Пинџур", вториот баталјонот на третата оперативна зона, Втората македонска ударна бригада, а на 25 Август 1944 година во с.Шешково беше формирана Првата Македонска дивизија.



*Споменикот на 12 Младинци во Моклиште*

На 7 септември 1944 година во попладневните часови борците на Деветтата македонска бригада со 4 баталјони, влегоа во градот, со што Кавадарци беше ослободено од фашистичката окупација. На митингот на кој присуствувало целото население од градот говореле Најдо Стаменин-Орлов командант на бригадата и Ристо Стојанов –Железни нејзин политички комесар.



Куќите на Страшо и Габерот

На 2 август 1944 година во манастирот Прохор Пчињски беше одржано првато заседание на АСНОМ, со кое беа удрени темелите на македонската држава. Од Кавадарци и Тиквешијата на ова заседание како делегати учествуваа: Никола Минчев, Диме Туриманџов-Горски, Јован Радњански-Планински, Методи Џунов-Џико, Јован Ѓелев-Поп Шаќо, Лазар Калајџијски, Лазар Мојсов, Боро Чаушев и Камбер Асан. Во текот на Народно ослободителната борба (НОБ) и револуцијата 1941-1945 година, од Општина Кавадарци загинаа 333 борци и жртви на фашистичкиот терор. Тројца од нив Страшо Пинџур, Киро Крстев и Блажо Тодоровски-Чичето се прогласени за народни херои.
Нивните мошти почиваат во Спомен Костурницата, во заедничката гробница на паднатите борци од Народно Ослободителната Борба, на највисоката точка во Градксиот парк во Кавадарци.



Полагање на коските на борците од НОБ
во спомен костурницата

Долго очекуваната слобода била многу скапо платена. Во изминатите 76 години слободен развој Кавадарци стана модерен урбан центар на општината и водечки индустриски град во Македонија.



Современо Кавадарци

# УРБАНИЗАМ

Кавадарци својот интензивен и современ урбан развој каков што го знаеме денеска го започнува по ослободувањето на 7-ми септември 1944 година.

Но градот почнува урбано да се развива уште пред Втората светска војна кога во 1937 година е изработена првата регулациона основа со која се урбанизираат централниот дел на градот и главните сообраќајници. Како резултат на тоа се изградени објектите на тутуновиот монопол, првиот камен мост кај „Јаворот", објектите на денешните училишта „Димката Ангелов-Габерот" и „Страшо Пинџур" во Кавадарци, „Радничкото школо" денес новиот музеј, лозовиот расадник и неколку други објекти. Првиот сериозен и сеопфатен урбанистички документ е во 1950 год кога е изработена наредната планска документација која ги дефинира стратешките развојни цели на градот и општина. Тоа е основа за изработка на првиот Урбанистички елаборат –студија на градот, во 1956 година според кој Кавадарци од типична предвоена „паланка" треба да се преобрази во модерна урбана средина. Прашливите сокаци и калливи улици да прераснат во широки булевари и урбанизирани сообраќајници. Ниските и трошни куќи да се заменат со модерни индивидуални куќи и колективни станбени згради.



*Првата авионска снимка на Кавадарци*

Во 1966 година е извршена ревизија на урбанистичката студија и тој план за прв пат има наслов Урбанистички план на град Кавадарци, кој што е ревидиран 1974 година со име Основен урбанистички план на град Кавадарци. Во 1985 година е изработен просторниот план на град Кавадарци во кој се опфатени и териториите на Конопиште со Бошавијата и подкожувјето, како и просторот на денешната Општина Росоман.



*Урбанизација на центарот во 50 години на 20 век*



Во 2003 год се носи првиот Генерален урбанистички план на градот.

Генерален урбанистички план –ГУП, е документ чија цел е долгорочно да го планира просторниот развој на градот. Истиот дефинира намена на урбани зони кои детално се обработуваат со ДУП-деталните урбанистички планови. ГУП-от се изработува за период од 10 години со задолжителни периодични ревизии. Овој плански документ дава одговори на многу битни стартешки прашања поврзани со современото живеење.

Дали вашиот дом ќе биде семејна куќа на три спрата, висока колективна зграда во центарот на градот, или пак приземна куќа со прекрасна градина во периферијата на градот ?

Дали ни се доволно широки улиците во центарот на градот за вашиот автомобил ?

Дали ќе ни бидат доволно широки улиците на нашиот град за автомобилите на вашите деца ?

Дали во нашиот град има доволно зелени површини кои што ќе го апсорбираат загадениот воздух од автомобилите и фабриките?

Дали капацитетот на школите и градинките во нашиот град се доволни за да ги примат сите деца и дали се добро лоцирани за да го покријат целиот град? Дали и колку ќе треба да предвидиме за после 20 години ?

Дали ќе имаме доволно вода со сегашната ширина на водоводните цевки по 10 год ?Дали постојните трафостаници ќе ги задоволат потребите од струја за 10 год ?

Дали канализационата мрежа ќе овозможи да се собере целиот фекален отпад за 20 год?

Дали вие во вашиот двор ќе имате доволно зелени површини за да дишете чист воздух, или тој простор ќе ви биде зафатен со нова дивоградба со која му го попречувате чистиот воздух на вашите деца, а и на соседот ?

Колку и какви големи индустриски капацитети ќе се изградат во наредните 10 години?

Ќе има ли доволно простор за сите ваши желби ?

Сегашниот ГУП на Кавадарци ќе го гради вашата генерација. Во мај 2019 год. е донесена нова измена и дополнување на планот за град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ. Просторните насоки се движат во правец на нова категоризација на сообраќајниците, во доисполнување на капацитетите на искористеност на населбите за домување: Бел Камен, Рајко Жинзифов и Парк, како и усогласување на намените на дел од јавните институции и градбите во новиот центар на градот.



*Корзото на ул. „Илинденска“*

Целта е изменетиот и дополнет ГУП да се усогласи со стандардите и формативите на урбанистичкото планирање и нивно вклопување во новата демографско-стопанска реалност на општината во наредните години.

Бидете свесни за тоа

Имајте <u>УРБАНИСТИЧКА КУЛТУРА</u>

Научете дека било која интервенција на вашиот објект треба да биде предвидена во урбанистичкиот план, затоа што во спротивно градите диваградби, ова ги нарушува сите нормални услови за живот во заедницата.

Вие треба да бидете генерацијата која што ќе ја има УРБАНИСТИЧКАТА КУЛТУРА, ќе ставите СТОП НА ДИВОГРАДБИ-те, ќе ја градите нашата иднина и ќе речете:

<u>Јас се гордеама со:</u>

-мојата куќа

-моето маало

-мојата урбана заедница

-мојот град Кавадарци.



*Нов ГУП на Кавадарци 2019*

## #Инфраструктура

Основна цел во развојот на општеството  лежи во добрата и планска инфраструктура. Тоа подразбира унапредување на транспортната мрежа (автопати, железнички пруги, регионални и локални патишта, улици), како и подобрување на инфраструктурата на јавните претпријатија, образованието, социјалниот и здравствен систем, културата и спортот. Овие капитални инвестиции, освен тоа што имаа позитивен ефект врз економската активност, исто така придонесуваат за зајакнување и поттикнување на конкурентноста на општината на долг рок и со тоа имаат клучна улога во зголемување на продуктивноста, производството и урбаното живеење на граѓаните.



*Реконструкција и асфалтирање на улици во Кавадарци*

Инфраструктурата во Општина Кавадарци во изминатите години континуирано се подобрува. Кавадарци станува економски развиен, и град со огромен потенцијал, кој ги има сите можности за уште поголем развој.

Во изминатите години асфалтирани се улици со површина од 85 000 метри квадратни, извршено е поплочување од 28 200 метри квдратни, изграден е водовод со должина од 4100 метри, канализација со должина од 4390 метри и атмосферска канализација со должина од 2000 метри. Во Општина Кавадарци состојбата со локалните патишта, во изминатите години е значително подобрена. Со самото влегување во градот се забележува огромна разлика. Влезот во Кавадарци од Општина Росоман е целосно реконструиран односно проширен со 4 коловозни ленти и ново јавно улиучно осветлување.



*Влезот од Росоман - „Западен булевар“*

Влезот од Неготино е во фаза на реконструкција. Согласно проектот ќе се изврши проширување со 3 коловозни ленти, велосипедска патека и ново улично осветлување. Влезот од Прилеп-Битола исто така е во фаза на реконструкција. Согласно проектот ќе се изврши пробивање на „Западен булевар“, се гради нова раскрсница и ќе се постави целосно ново улично осветлување.



*Улица „Шишка“ - реконструкција*

Асфалтирани се сите улици во централното градско подрачје со современо обележување на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација. Северен булевар е целосно реконструиран, изградени се нови 7 кружни текови кои значително ја подобруваат безбедноста на сообраќајот во градот.

Село Ваташа по иницијатива на Општина Кавадарци доби нов современ мост на регионалниот пат Кавадарци-„Мушов гроб“. Во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта, општината осовремени и трајно отстрани опасна сообраќајна „црна точка“ . ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ го надмина горливиот проблем со немањето на спортска сала на учениците. Пуштена е во употреба нова, современа спортска сала во ова училиште. Во делот на спортот се изврши и сеопфатна реконструкција на спортската сала „Партизан“, како и фудбалскиот терен на СЦ„Јасмин“. На овој терен е асфалтирана и осветлена атлетската патека. Овој простор граѓаните, пред се младите секојдневно го користат за рекреација и спортување. Наскоро и градскиот стадион ќе има нов лик, во тек е реконструкција на теренот и трибините.



*Нов мост во Ваташа*



*Училиштето Тоде Хаџи Тефов*

Реконструирана е и зградата на Противпожарната единица, како и целосно нова опрема за пожарникарите со што денес Противпожарната единица на Општина Кавадарци е една од најдобро опремените и најподготвените единици во државата.

Во тек е и изградба на велосипедско-пешачка патека која ќе го спојува градот со месноста Моклиште во должина од 7,5 километри. Претходно се изгради кејот на реката Луда Мара во с.Ваташа. Со овие проекти кавадарчани имаат одличен простор за рекреација надвор од градот.



Реконструирана зграда на пожарна Кавадарци

Во тек е изградба на нисконапонска мрежа за ново јавно улично осветлување на територијата на Општина Кавадарци. Осветлувањето во целата општина значително ќе се подобри со современи еколошки штедливи ЛЕД светилки.

За нас, детската заштита е на прво место. Во Кавадарци е целосно решен проблемот со згрижување на деца во детските градинки. Со пуштањето во употреба на нова детска градинка во град Кавадарци и две нови детски градинки во с.Возарци и с.Марена, како и доградбата на седум нови занимални во постојните објекти, се прошири капацитетот на градинката „Рада Поцева“, а со тоа се реши проблемот со недостиг на капацитет за згрижување на децата. Се изврши доградба на колекторски систем до с.Марена. Поставени се подземни контејнери на неколку локации во централното градско подрачје. Хигиената во Кавадарци е на значително високо ниво за што говори фактот што Кавадарци се наоѓа на самиот врв меѓу првите општини како најеколошка општина во нашата држава.



Нова градинка „Буба Мара“

Во Општина Кавадарци во изминатите години беа изградени нови станбени згради, и обновени фасадите на 13 згради во центарот на градот. Во периодот што следува, а некои се веќе и отпочнати, ќе се изградат нови современи згради, со што Кавадарци континуирано се движи кон развојот на градот и во овој сегмент.

Планирана е и изградба на нова мини-зоолошка градина, со што ќе добиеме уште еден објект кој му недостасува на градот. Во делот на планирањата предвидена е изградба на две училишни спортски сали и тоа во училиштата „Страшо Пинџур“ Кавадарци и „Димката Ангелов-Габерот“ во селото Ваташа.



*Обновени фасади на зградите во централното подрачје*



*Урбанизиран кеј-шеталиште во с.Ваташа*

Програмските определби на општината се насочени кон континуиран развој на инфраструктурата во сите сегменти. Важноста од инвестирање во инфраструктурата и нејзиното подобрување во нашата општина е огромна, бидејќи без добра инфраструктура, не е остварлив економскиот развој на локалната заедница.

Планскиот развој на градот и општината во делот на инфраструктурата продолжува и во годините што следат.

Квалитетната инфраструктура го прави Кавадарци убаво место за живеење.

# ОД НАШИ ПАРИ

## Самопридонес

За многу капитални и инфраструктурни проекти кои ги користиме денес, нашите предци знаат да се пофалат дека и сами учествувале во нивната изградба, и дека тие објекти се изградени со нивни пари.

Во периодот од 1972 до 2003 година Општина Кавадарци има распишано шест референдуми за месен самопридонес. Преку непосредно гласање граѓаните одлучуваа дали да издвојат лични средства за изградба на објекти и инфраструктура.

Сите шест беа усшешни, а со одлука на општината потврдена од нив, кавадарчани и жителите на општината одвојуваа по 2% од личниот доход, 5% од земјоделците и по 2% од занаетчиите, пензионерите и од приход на граѓаните по друг основ. Парите се собираа на единствена жиро сметка од која се финансираше изградбата на планираните објекти.

## Прв самопридонес



*Изградбата на Лукар*

Со средствата од првиот месен самопридонес распишан во 1972 година се изградија неколку големи објекти. Парите на граѓаните максимално рационално беа инвестирани во изградбата на водоводот „Лукар“, со зафаќање на изворите „Лукар“ од Кожув Планина. Со тоа граѓаните го решија вековниот проблем со санитарна вода после што бунарите и градските чешми заминаа во историјата. Извршена е делумна реконструкција на водоводната мрежа во градот.

Беше изградено ОУ „Гоце Делчев“, реновирана гимназијата „Јосип Броз-Тито“ (СОУ „Добри Даскалов“), проектиран и изграден до карабина новиот младински дом.



*ОУ Гоце Делчев*



*ОУ Гоце Делчев*

## Втор самопридонес


Спомен Костурница

Со програмата за изградба на објекти со средствата од вториот месен самопридонес, кој се воведе на 1 јануари 1976 година поголемиот износ на парите беше инвестиран во: изградба на спомен костурницата во градскиот парк.

Се заврши реконструкцијата на водоводната мрежа во градот. Изградено е средното електро-машинско училиште „Киро Спанџов - Брко" и две детски градинки. Изградени се простории за четири месни заедници, извршена е реконструкцијата на Домот за ученици „Крсте Петков - Мисирков", реконструирана е кино салата „Балкан", и е изградена спортската сала во гимназијата. Парите на граѓаните беа искористени за набавка на две противпожарни возила и обезбедено учество во пошумување на голините и е извршена санација на земјената брана на езерото „Градот". Значителен дел од парите беа инвестирани во селата. Изграден е крак од водоводот „Лукар" до Росоман, изградени се водоводи во селата Бојанчиште и Горна Бошава. Нови објекти за здравствени станици добија селата Дреново, Ваташа и Сопот. Изградени се водоводи во селата Бојанчиште и Горна Бошава. Марена, Бегниште и Паликура добија згради на подрачните основни училишта.


Средно училиште „Киро Спанџов-Брко"

## Трет самопридонес

Од почетокот на јули 1982 година започна плаќањето на третиот месен самопридонес кој траеше 5 години, а со средтсвата собрани од граѓаните се изгради основното училиште „Тошо Велков - Пепето " се реновираа основните училишта „Димката Ангелов - Габерот", „Страшо Пинџур" и „Тоде Хаџи - Тефов" во Кавадарци.

Започна изградбата на новата болница.


ООУ „Тошо Велков-Пепето"

## Четврти самопридонес

Четвртиот по ред месен самопридонес кавадарчани започнаа да го плаќаат од јули 1987 година. Со програмата тие предност дадоа на завршувањето на изградбата на новата болница која беше започната со средствата од третиот самопридонес и со извонредни ангажирања се успеа објектот да се заврши и да се предаде во употреба на 7 септември 1989 година.



*Новата општа болница во изградба*



*Општа болница Кавадарци - денес*

Општината доби современа болница со сите услови за болничко лекување и специјалистички ординации, хирушки сали, лаборатории и слично, што сето заедно нуди современ приод во здраствената заштита на населението. Со цел да се заврши објектот во што покус временски период и да се заокружи финансиската конструкција, за болницата здружија средства, по пат на самоуправна спогодба, повеќе организации од општината од кои подоцна и се откажаа, односно не бараа враќање на веќе дадените пари.

Од овој самопридонес, исто така се изградија резервоари за вода, се изврши покривање на отворениот канал.



*Реконструиран ентериер*



*Општа болница Кавадарци - стационар*

Започна изградбата на спортската сала „Јасмин“.



Спортска сала Јасмин

## Петти самопридонес

Петтиот месен самопридонес се воведе од 01.01.1993 година и траеше до 31.12.1997 година . Средствата од самопридонесот се користени за доградба на спортската сала „Јасмин“ (70%), и за комунално инфраструктурни објекти (30%).

## Шести самопридонес

Шестиот месен самопридонес е воведен од јуни 2003 до јуни 2008 година. Капитален објект од овој самопридонес беше изградбата на Градската капела.



Градска капела

Парите на граѓаните општината ги инвестираше во изградба на инфраструктурни објекти за подобрување на водоснабдувањето, доградба на колекторскиот систем, регулација на пороите и делови од речното корито на Луда Мара.

Со средствата од самопридонесот се подобри водоснабдувањето и канализационата мрежа. Беа асфалтирани нови улици, тротоари.  Со тие пари беше изграден подземен паркинг простор кај „Стоковната куќа“. Актуелната општинска власт во 2020 година реализираше проект за промена на асфалтот на горното плато,  реконструкција на осветлувањето, каки и ново обележување на хоризонталната и вертикална патна сигнализација.



Влез во подземен паркинг



Подземен паркинг

## #Комунален развој

Основна надлежност на општината е комуналниот развој кој подразбира финансирање на изградбата и одржувањето на објектите од комуналната инфраструктура. Тоа се јавни градежни објекти на образовни, културни, спортски и други установи под надлежност на општината. Потоа локални патишта, улици, подземна и надземна инсталација, опрема, јавни површини, како и други објекти на комуналната инфраструктура кои служат за давање на комунални услуги на граѓаните и се добра од јавен интерес. Општините се даватели на тие услуги преку основање на јавни претпријатија, образовни и културни институции.



*Реконструкција на средна зона голем вентил*

Комуналниот развој е директно поврзан со комуналната изградба, што значи изградба на водоснабдителен систем, обработка и снабдување со вода за пиење, како и систем на технолошка вода. Изградба на канализационен систем, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води и нивно испуштање во реципиентот.

Организира собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен и инертен отпад, одржување на јавна чистота, миење и метење на јавни површини, јавни и отворени простори на јавни објекти и чистење на снегот во зимски услови. Таа спроведува и одржување, чистење и користење на паркови, зоолошки градини, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, изградба, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација, косење на трева, како и сечење на дрва и гранки. Одржување на гробишта и давање погребални услуги, капели, крематориуми и други погребални услуги. Организирање на отворени и затворени пазари на големо и мало. Чистење на оџаци и опрема за одведување на чад. Отстранување и чување на хаварисани возила, уловување на животни скитници, украсување на населените места, одржување на јавните санитарни јазли, изградба и одржување на септички јами, чување на животни и домашни миленици во населени места.

Општината има надлежност за изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти, како и организирање на јавен општински превоз, одржување на сообраќајна сигнализација на улиците и општинските патишта.



*Обновена патна инфраструктура*

-



Обележување на хоризонтална сигнализација

Изградба и користење на јавниот простор за паркирање и на објектите кои се наоѓаат на тој простор. Изградба, одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори.
Испорака на топлотна енергија од централниот извор на греење до мерниот инструмент на корисникот. Испорака на гас од главниот цевковод до мерниот инструмент на корисникот.

Во надлежност на општината е и јавното улично осветлување.-

Општина Кавадарци преку градоначалникот, советот, општинската администрација, институциите и јавните претпријатија успешно менаџира со реализирањето на програмите и проектите од комуналниот развој. Се обновуваат улиците и локалните и полските патишта, се подобрува јавната чистота и износот на смет. Јавните установи и институции се реновираат и надградуваат. Се подобруваат и модернизираат водоснабдувањето и јавното улично осветлување со нови информатички технологии за контрола и управување. Успешно функционира јавниот паркинг простор, а Кавадарци е водечкиот град во внатрешноста кој воведе Инфо центар 24/7 за контакт со граѓаните во решавањето на нивните комунални проблеми и подигање на нивната безбедност на највисоко ниво.



Нов паркинг простор во „Анот“



Монтажа на ЛЕД светилки - високи столбови



Јавно улично осветлување - ниски столбови

## #Патна инфраструктура

Општина Кавадарци располага со разгранета локална патна мрежа која се надоврзува на главните магистрални и регионални коридори. Патнатата поврзаност на општината во правец север-југ е преку коридорот Е-75 со автопатот и железничката пруга Скопје-Гевгелија, кои се на оддалеченост од 14 км од градот Кавадарци преку регионалните патни правци Кавадарци-Неготино и Кавадарци-Росоман-Градско. Во правец исток-запад Кавадарци е поврзано преку регионалниот пат Градско-Прилеп-Битола, оддалечен 11 км од центарот на градот.




*Кавадарци-сообраќајна поврзаност*

Најблиски аеродроми до општината се: Меѓународниот Аеродром Скопје на 90 км. од Кавадарци и аеродромот во Солун, Република Грција, оддалечен 150 км. од Кавадарци. Општината има директна комуникација и со аеродромот во Охрид кој е на 165 км. од седиштето на општината.

Ридско планинскиот дел на подкожувјето со Кавадарци е поврзан преку регионалниот пат Кавадарци-Мушов гроб-с.Мрежичко. Ова е главната сообраќајна артерија која води кон планината Кожув каде се наоѓаат значајни стопански и туристички капацитети. Од Мушов гроб патот продолжува кон село Мрежичко и поранешната рударска населба Св.„Петре“ до рудникот Р'жаново.

На регионалниот пат се надоврзуваат патните правци кон селата од Бошавијата. Локалниот пат од м.в. Ладно Долче- с.Страгово-с.Крњево. Од тука еден крак води на југ кон с.Чемерско и с. Бохула, а другиот по течението на реката Бошавица ги поврзува селата: Долна Бошава- Горна Бошава-Конопиште, од каде се упатува кон месноста Мушов Гроб за да се спои со регионалниот пат. Од делницата Конопиште-Мушов Гроб се двои крак кон летувалиштето Михајлово.




*Патна мрежа кон Кожуф и Бошавијата*



*Реконструкција на локален пат Страгово - Крњево*

Во мрежата на локалните патни правци од Кавадарци кон селата се вбројува и патот Ресава-Бегниште кој се протега по десниот брег на езерото Тиквеш. Овој патен правец има посебно значење за развојот на туризмот на езерото, како и на ресавско-бегнишкиот предел, еден од најстарите вински региони во Тиквешијата и Македонија. Овој патен правец овозможува зголемен економскиот развој на селата Ресава и Бегниште, а создава услови за ревитализација на селото Дабниште. Во пределот на езерото Тиквеш гравитира и локалниот пат с.Возарци-брана ХЕЦ Тиквеш- с.Брушани-спој со локален пат Кавадарци-с.Ресава. Локалната патна мрежа ја надополнуваат патните правци кон с. Раец, и кон с.Фариш кои се споени со регионалниот пат Кавадарци-Прилеп. Стратешка цел на општината е



*Локана патна мрежа околу Езеро Тиквеш*

изградбата на идниот меѓудржавен граничен премин „Пулево" на македонско-грчката граница. За таа цел е проектирана и треба да се гради нова асфалтна делница од регионалниот пат Кавадарци-Мушов гроб- с.Мрежичко, која би почнувала од поранешната рудраска населба Св.Петре во правец на с.Мајден до граничниот премин.



*Локален пат кон с.Фариш*

#### #Водоснабдување

Низ вековите па се до крајот на Втората светска војна домашните бунари, како и повеќето градски чешми биле главните снабдувачи на кавадарчани со здрава вода за пиење. Во Кавадарци секоја куќа имала свој бунар, а на јавниот простор имало над десетина чешми од каде непрекинато течела питка вода. Најпознати чешми биле: Кривата чешма, Шакалица, Чаршиската чешма, „Дарданелска“, Поланската, Солинар чешма кај глишичките бавчи, потоа Маѓирска, Парковата, Белка, Домовица, како и неколку други маалски чешми.



*Бунарот на каровци*



*„Паркова“ чешма*

Првиот водовод за град Кавадарци е зафаќањето на каптираните извори во месноста Моклиште со вкупна количина од 91л/сек. Неговата изградба е започната во 1948 година, а во употреба е пуштен во 1952 година. Изграден е водовод до градот во должина од 9 километри. Водата се собирала во стариот резервоар со капацитет V-300 $м^3$. Таа вода се дистрибуирала низ градот до градските јавни чешми.

Во 1958 година почната е изградбата за зафаќање на водата од „Бошавскиот канал“, со пумпна станица за испумпување на водата до старата филтер станица со капацитет од 50л/сек. Во употреба е пуштен во 1962 година и е експлоатиран се до 1974 година.

Во 1974 година општината го гради капиталниот објект водоводот Лукар на Кожув планина над селото Конопиште. Со проект се зафатени водите од високоиздашните извори „Лукар“ I и „Лукар“ II со капацитет од 150 до 250 литри вода во секунда. Изграден е цевковод до градот во должина од 30 километри.



*Тиролски зафат „Бошавски канал“*

Во 1976 година кон овој довод е приклучен изворот „Косматец“ со издашност од 80л/сек. Последното надополнување на капацитетот на водоводот е извршено во 1984 година кога е изграден Тиролскиот зафат на „Стара река“ со филтер станици 4x50 л/сек. Сегашниот максимален доток на вода е 350л/сек. од кои 90л/сек. се дистрибуираат за Неготино, а 260л/сек. користат градот Кавадарци заедно со околните села, како и Општина Росоман. За подобрување на перформансите на „Лукар“ изградени се два резервоара за

акумулирање на водата за ниска и средна зона со зафатнина од 5000$м^3$, како и за висока зона со зафатнина од 1400$м^3$. За подобар квалитет водата од „Лукар“ автоматски се хлорира во хлорната станица која е лоцирана на височрамнината Витачево.



Каптиран извор „Лукар“

Вкупната должина на градската разводна мрежа е 90 километри. Доводната мрежа до приградските и селските населби е во должина од 40 километри. Мрежата е градена и надградувана децении наназад во зависност од ширењето на градот, и е со различна старост и дотраеност. Во 2015 година ЈП Комуналец воведе електронски систем за следење и регулирање на притисокот во градската водоводна мрежа. Со воведувањето на Скада системот се врши автоматска регулација на притисокот во системот, а постојано се следат и влезот на вода и потрошувачката.



„Скада“ систем



Тиролски зафат Стара Река



Филтер станица „Стара Река“

Секој дефект навреме е откриен блгодарение на овој компјутерски систем, а водоснабдувањето на потрошувачите е редовно и непречено без рестрикции.

# #Стопанство

- Енергија
- Металургија и рударство
- Метална индустрија
- Автомобилска индустрија
- Градежништво
- Лозарство
- Текстилна индустрија
- Прехрамбена индустрија
- Информатичка технологија
- Графичка индустрија и печатарство
- Трговија, малопродажба и мало стопанство
- Шуми, шумски потенцијал и стопанисување
- Мелиорација и наводнување

## #Стопански развој

Кавадарци денес е индустриски центар во Македонија, општина која е втора по развој, а во креирањето на бруто домашниот производ учествува со 25% (БДП).

Историски гледано, носител на стопанскиот развој во Кавадарци е земјоделството, чија основа пред сѐ се лозарството и винарството кое опфаќа производство на: грозје, вино, ракија и маџун.

Во центарот на градот биле распоредени повеќе од 200 трговски и занаетчиски дуќани, од кои најмногубројни биле: казанџии, ортомари, столари, шивачи, ковачи, фурнаџии, бербери и др.

Првите сериозни чекори во стопанскиот развој градот ги прави во 1875 година кога фамилијата Велкови ја основа Винарската Визба Тиквеш.

Следен поголем чекор во развојот на стопанството е од 1920 год. Во Кавадарци започна со работа „Лозовиот расадник" кој бил прва поголема работна организација. Во 1928г. се отворил „Тутуновиот монопол" претпијатие за откуп на високо квалитетен тутун од населението кое масовно го произведувало. Во тутуновиот монопол биле вработени голем број на граѓани од Кавадарци.



*Винарницата Тиквеш на семејството Велкови*



*Објектот на тутуновиот Монопол*

Интензивниот стопански развој и преминот од земјоделско кон индустриско средиште општината го започнува по Втората светска војна. Агро комбинатот „Тиквеш", „Дрвниот комбинат", „ФЕ-НИ", „МИК", „ЕЛРО" и останатите индустриски капацитети, се никулецот на денешниот индустриски развој.

Во современото Кавадарци носечки стопански гранки се: металургијата, металната, автомобилската индустрија и лозарство како традиционална гранка од земјоделието. На ова се надоградуваат и малите и средни претпријатија од услужните дејности кои ја чинат целосната слика за современиот економски лик на Кавадарци.

## #Енергија од обновливи извори

Според географско климатските карактеристики и поставеноста Општина Кавадарци нуди оптимални можности за изградба на капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори, вода, ветер и сонце.

Хидро потенцијалот на реките и водотеците на територијата на општината нуди простор за изградба на нови капацитети. Црна река минувајќи низ Скочивирската клисура на територијата на Општина Кавадарци создава можност покрај изградената ХЕЦ Тиквеш во најскоро време да се изгради и ХЕЦ „Галиште“.



Брана ХЕЦ „Тиквеш“

Планинските масиви на Кожуф и Козјак создаваат одлични предуслови за изградба на хидро енергетски објекти. Вкупниот неискористен хидропотенцијал од мали и микро хидроелектрани во Општина Кавадарци е околу 45Mw/h. Овој потенцијал се крие во сливовите на реките: Блашница, Бошава, Боулска река и Дошница. На овие водотеци планирано е да се изградат петнаесетина мали хидроелектрани. Водениот потенцијал на реката Бошавица е искористен 100%. На водоснабдителниот систем за санитарна вода Лукар во 2002 година се изградени 4 мали хидроцентрали со инсталирана моќност од 10Mw/h., кои се во сопственост на општината односно ЈП Комуналец.Во 2015 година преку јавно приватно партнерство реконструиран е хидро мелиорацискиот систем „Бошава“. Обновен е системот од отворени канали, тунели, сифони и армирано бетонски канали во должина од 26 километри. На трасата од езерото Градот до с.Ваташа се изградени 5 мини хидро централи со инсталирана моќност од 10Mw/h за производство на електрична енергија. Придобивките од работењето на овој хидро систем и петте мали хидро централи е огромен. Општините Кавадарци, Неготино и Росоман трајно го решија проблемот со недостиг на вода за пиење, обезбедена е дополнителна количина на вода за наводнување на околу 1000 хектари и производство на годишно ниво на 33 милиони и 100 илјади киловат часеви електрична енергија.



Мала хидроцентрала „Бошава“ 5

Хидросистемот Бошава за локалната самоуправа е проект кој може да се надоградува.

**Фотоволтаична енергија**

Општина Кавадарци со просечни 230 сончеви денови во една година располага со одлични услови за искористување на фотоволтаичната соларна енергија. Врз основа на технологијата за производство на соларна енергија, како и потребата од чиста еколошка средина, висорамнината Витачево е идеална локација со големи можности за производство на фотоволтаична соларна енергија. Поволната надморска височина од 670 до 900 метри, отвореноста на просторот која овозможува максимална изложеност на сонце во текотна денот, како и исклучително поволната патна инфраструктура се поволни услови.



*Висорамнина Витачево идеална локација за фотоволтаици*

**Ветерна енергија**

Од досегашните мерења и испитувања на ниво на Македонија по разни модели, општина Кавадарци има одличен потенцијал и можности за искористување на ветерната енергија. Пределите од интерес за изградба на фарми од ветерна енергија се областите на планинските масиви: Вишешница, Козјак, Кожуф и делови од висорамнината Витачево.



*Електро ветерници*

**Енергетски потенцијал за заштеда на други видови енергија**

Општина Кавадарци има одлични климатски предуслови да го прати трендот за супституција на скапа со поефтина енергија. Производство на топлинска енергија од соларни колектори за приватни и индустриски капацитети претставува заштеда на енергија, што е рамна на изградба на нови производни енергетски капацитети.

## #Металургија и рударство



Металургијата и рударството се застапени стопански дејности во општина Кавадарци и имаат големо стопанско значење. Металургијата се занимава со преработка на руда и производство на метали, и легури. Во близина на Кавадарци освен евидентираните лежишта на железнониклоносна руда нема позначајни наоѓалишта на метални минерални суровини. Состојбата со неметалните суровини е многу поповолна.

Карактеристично за Кавадарци е наоѓалиштето на Лорандит- талиумов арсенитен сулфат. Тој е откриен за прв пат во рудникот Алшар, кај Кавадарци во 1894 година и е именуван по Етвеш Лоранд, физичар од универзитетот во Будимпешта. За Лорандитот во Македонија испитувања воделе научници од НАСА. Станува збор за многу редок минерал за кој е утврдено дека го има единствено на Алшар, во близина на Кавадарци. Неговата моќ експертите ја гледаат во тоа што единствено тој природен елемент во светот ги препознава одредени честички пред се неутриното, кои доаѓаат директно од јадрото на сонцето.



### #Еуроникел Индустри

Еуроникел Индустри-Кавадарци е производител на висококвалитетен никел. Компанијата е меѓу водечките европски и светски производители на никел. Стожерот на македонската индустрија, комбинатот Еуроникел од Кавадарци, само со една линија постигна производни рекорди од речиси 1500 тони никел месечно. Со активирање на втората печка оперативниот капацитет на Еуроникел дополнително се зголемува со што планираното производство е 20.000 тони никел годишно. Со своите производи никел и згура, комбинатот е препознатлив по високиот квалитет, кој го пласира на пазарите во Америка, Европа и Азија. Ги поседува сите најсовремени сертификати, производни, квалитативни, безбедносни и еколошки со што може да пласира



производ на сите пазари. Еуроникел во моментов вработува околу 1000 луѓе, а дополнително ангажира повеќе од 200 локални транспортни компании и има база на снабдувачи составена од повеќе од 1000 домашни компании.





## #Метална индустрија

Металната индустрија во општина Кавадарци е мошне развиена. Таа е хетерогена индустриска гранка, односно под метална индустрија се опфатени металопреработувачката индустрија, машинската и електроиндустријата.

На нејзина територија работат голем број на компании кои се баваат со производство на репроматеријали, проектирање и изработка на метални калапи, производство и алати, метални конструкции и машини, прецизна механика, делови за моторни возила и преостаната метална индустрија. Металната индустрија најчесто се базира на прецизни работни операции кои ги изведуваат работниците, помогнати од специфични производни машини.

Во општина Кавадарци металната индустрија е една од најразвиените стопански гранки. Поради разновидното производство карактеристични се различни локациски барање, а за тоа сведочат и големиот број на компании лоцирани во трите индустриски зони во градот.

## #ИГМ Трејд

Од основањето како трговска компанија во 1994 година, ИГМ-Трејд рапидно се развива како најголема домашна гринфилд инвестиција станувајќи еден од најголемите производители на челични заварени цевки и профили во Југоисточна Европа. Производството се одвива според светски признатите стандарди за производство и квалитет ISO 9001:2008. Денес има над 450 вработени кои работат во фабриката во Кавадарци. Производствените капацитети имаат комбиниран капацитет од 200.000 тони годишно. ИГМ-Трејд е компанија со 95% ориентирана кон извоз надвор од Македонија, на пазарите во ЕУ и ЦЕФТА. Постојано инвестира во нова технологија и човечки ресурси со цел да ја одржи позицијата како лидер на пазарот На крајот на 2015 година, ИГМ-Трејд ги прошири своите активности надвор од Македонија со купување на поранешната фабрика за заварена челична цевка и профил АЛПОС, во Шентјур, Словенија.



Оваа инвестиција нуди многу технолошки, логистички и маркетинг придобивки и овозможува на компанијата да го зголеми своето присуство на пазарите на ЕУ и подобро да им служи на својата база на клиенти во Западна Европа.












## #Автомобилска индустрија

Оваа стопанска гранка во општината започна да се развива од 2012 година. Во економската зона Телот се изградија производните хали на најголемата странска инвестиција во Македонија. Во неа се произведуваат кабелски сетови (комплетни електрични системи) за автомобилската индустрија.

ДММ ДРЕКСЛЕР МАЈЕР Македонија е основана во 2012 од страна на DRÄXLMAIER Group. Од самото основање, фабриката ДРЕКСЛЕР МАЈЕР во Кавадарци доживеа импресивен развој. Денес е еден од најголемите работодавачи во земјата со 6000 вработени од Кавадарци околните општини.

Со помош на големата иновациска моќ, DRÄXLMAIER Group го достигна технолошкото водство во премиум автомобилскиот сегмент. А нивните висококвлитетни производи од фабриката во Кавадарци се вградуваат во моделите на најпознатите светски производители на автомобили. DRÄXLMAIER Group е интернационален добавувач во автомобилската индустрија со повеќе од 60 фабрики во повеќе од 20 земји низ целиот свет. Со главно седиште во Германија, компанијата денес вработува околу 75.000 вработени низ целиот свет.

Меѓу клиентите кои припаѓаат на топ 100 автомобилски добавувачи се вбројуваат Audi, BMW, Bugatti, Cadillac, Jaguar, Lamborghini, Land Rover, Maserati, Mercedes-Benz, MINI, Porsche и Volkswagen.



*DRÄXLMAIER*

# #Градежништво

Стопанска гранка чија дејност е градење објекти и изведување на градежни активности. Градежништвото има значајна улога во економијата во општина Кавадарци. Од градежништвото како носечка гранка зависат многу други економски гранки. Препознавањето на квалитетна градба, важноста на сигурната инфраструктура која ќе ја користат многу генерации, како и регионалното поврзување на градежните компании за реализација на проекти се трите важни аспекти во функција на развој на градежниот сектор. Во општина Кавадарци последните неколку години се случува градежна експанзија, а бројот на градежни компании е во подем.



*Урбано Кавадарци*

Општината е силен поддржувач и партнер на градежниот сектор. Проектите од комуналната инфраструктура, како и урбанизацијата се насочени кон поттикнување на локалните компании за нивно учество во изградбата и развојот на локалната заедница во сите сегменти од градежништвото.

Градежните компании преку добивање на проекти во комуналната изградба се активни чинители во инфраструктурниот развој на градот и општината во сите домени на градежната индустрија. Изградбата на улиците, тротоарите, партерното уредување, подземната инфраструктура, индивидуалното и колективното домување, како и останатите сегменти од градежништвото се дело во најголем дел на локалните компании кои квалитетно и стручно го градат Кавадарци и општината. Квалитетната и навремена реализацијана на проектите произлезени од Генералниот и Деталните урбанистички планови се во директна корелација и со општинскиот градежен сектор претставен преку локалните градежни компании кои ангажираат работна рака и стручни профил на квалификувана и високо квалификувана работна сила од сите профили со средна и висока стручна спрема .



*Новоградби во Кавадарци*



*Станбен комплекс во изградба*

## #Лозарство

Лозарството и производството на грозје и вино е заштитен знак на Кавадарци и Тиквешијата. Поволните природно–географски карактеристики во Тиквешкиот регион условиле лозарството да го има приматот во дејноста земјоделие, а овој лозаро-винарски регион да стане водечки во земјата. Климатските услови овозможуваат концентрација на шеќер во грозјето да изнесува 17-26 промили и 5-8% киселина, што е идеален фактор за преработка во високо-квалитетните вина со 11-13% на алкохол. Од вкупната обработлива површина на територијата на Општина Кавадарци која изнесува 18 523 хектари, 4264 хектари се лозови насади. Природно–географските услови и медитеранската клима благотворно делуваат во развојот и одгледувањето на винските и трпезните сорти на грозје. Најзастапени сорти на грозје се афтохтоните Вранец –Кратошија, Смедеревка и Прокупец. Исто така се одгледуваат и Кардинал, Афус – али, Шардоне, Црн и бел бургундец, Мерло, Жилавка, Семијон, Совињон, Италијански и Рајнски ризлинг, Белградска рана, Јулски мускат и други сорти на грозја. Најстарите вински реони се „белград“- Раштани покрај Овчка- О'овска река, „ваташкото“ виногорие, како и „ресавско-бегнишкото“ виногорие.



*Плантажи со лозов насад*



*Берба на винско грозје*

Почетоците на одгледувањето на виновата лоза во Тиквешијата датираат уште од 4 ти век п.н.е. Во средниот век лозаро-винарството бележи силен подем и тоа во средновековните манастири. Долгата и богата традиција на овој реон започнува во времето на Античка Македонија, кога во чест на богот на виното Дионис се одржувале т.н. Дионисови денови. На овие свечености присуствувале и слободните граѓани и робовите, се јадело, се пиело, се веселело по неколку дена. Во времето на владеењето на Римјаните на овие простори во чест на богот Бахус, два пати во годината се одржувале т.н. Баханалии, денови на грозјето и на виното на кои се славел богот Бахус. Бидејќи овие пијанки преминувале во општи тепачки и вулгарности биле забранети во 186 година. Античките Македонци и Старите Римјани со голема љубов и умешност ја негувале традицијата за одгледување на виновата лоза, а за тоа сведочат многубројните стели, камена пластика и мозаици на бројните археолошки локалитети во Тиквешијата.

Лозарството како значајна стопанска гранка на земјоделието продолжува да се развива и во средниот век, а главни центри биле манастирите и црковните имоти каде се правело најубавото вино. Во времето на Душановото царство, односно околу 20 села од Тиквешијата им биле подарени на Светогорските манастири Хилендар и Пантелејмон Виното во средниот век било пијалок на сите сталежи. Со виното се плаќал данокот, а служело и како платежно средство.





Со навлегувањето на Турците и нивните освојувања на овие простори винарството во извесна мера стагнирало бидејќи, според Куранот, на муслиманите им е забранета употребата на алкохолни пијалоци. Меѓутоа Турците од Мала Азија донеле многу асталски сорти во овој крај. Богатото културно наследство во Тиквешкиот регион е резултат на традицијата која претежно е поврзана со лозарството и винарството. Казаните за варење на ракија се уште се користат, традиционално ги поседуваат голем број на жители во регионот.

Во новиот милениум со влегувањето на приватниот капитал Винарската визба „Тиквеш“ плански и сигурно прераснува во светски винарски бренд. Името „Тиквеш“ е синоним за македонскот вино, пренесувајќи го сонцето на Тиквешијата низ светот.

Години station наназад и семејните винарници полека го завземаат своето место како мошне значаен сегмент во стопанството на општината.





## #Текстилна индустрија

Текстилната индустрија е една од најстарите индустрии во светот која се занимава со преработка на влакнести суровини и изработка на ткаенини. Растот на текстилниот сектор помина низ разни историски и економски фази. Според видот на производството, текстилните компании се делат на: фабрики за производство на текстилни ткаенини и фабрики за готови текстилни производи-конфекција и трикотажа. Според суровините што ги користи, текстилните компании се делат на: памучна индустрија, волнена индустрија, индустрија за свила, индустрија на лен, конопни и јутени производи и конфекциска индустрија. Во општина Кавадарци е мошне развиена конфекциската индустрија, која се одликува со поголем број на конфекциски производни погони кои работат на територијата на општината и вработуваат претежно женска работна сила.



# #Прехранбена индустрија



Фурната на дрва на Ило „Ѕуната“ 1923год.

Прехранбената индустрија е гранка на индустријата која се занимава со преработка на храна за потребите на општеството. Нејзина главна задача е подмирување на прехранбените потреби на населението. Прехранбената индустрија е најхетерогена во поглед на подгрупите на индустриски дејности. Таа е многу чувствителна во поглед на роковите на траење, дистрибуција и способност за транспорт на суровината и производите. Со оглед на тоа дека прехранбената индустрија е тесно поврзана со земјоделството, општина Кавадарци има развиен прехранбен сектор, а Тиквешкото поднебје кое изобилува со огромни земјишни ресурси, инфраструктурни погодности кои се столбови во економскиот пораст на прехранбената индустрија. Одличната георафска местоположба, расположливата квалитетна работна сила се потенцијалите кои овозможуваат Кавадарци да е препознатлив во прехранбената индустрија односно по квалитетното прроизводство на овошје и зеленчук.



Современа фурна за леб

Како посебни дејности кои се дел од оваа индустрија се:

- Индустријата за преработка на месо и производство на месни производи, преработка на млеко, овошје и зеленчук
- Индустријата за пијалоци
- Пекарска индустрија

Во општина Кавадарци има повеќе успешни компании кои се занимаваат со прехранбена индустрија.Овие компании според природата на дејноста вработуваат профили најмногу од техничките и земјоделските струки, инжинери технолози, машинска и електро струка како и соодветен кадар со средна техничка стручна спрема.



Кланица според ХАСАП стандард

## #Кожувчанка

„Кожувчанка” ДОО од Кавадарци е приватно претпријатие формирано во 1995 година. Основна дејност на претпријатието е производство на една од најпродаваните минерални води на пазарот, Кожувчанка. Оваа компанија, со својата 25 годишна традиција во производатво на вода и сокови е е водечка во земјава, воедни и една од најбрзо растечките производителни компании во Македонија, а со над 100 вработени е и водечка општествено одговорна компанија која се грижи за општеството и неговиот квалитетен живот.



*Погоните на „Кожувчанка“ во с.Мрежилко*

Од производниот асортинаман покрај најквалитетната минерална вода во Македонија, Кожувчанка, оваа компанија ја произведува и природната Изворска вода. „Кожувчанка” од Кавадарци е овластен производител на германскиот бренд Sinalco, кои во своето портфолио покрај разновидните вкусови на газирани сокови го бројат и негазираниот сок Sinetta, како и енергетскиот пијалак EnergiS. Кожувчанка ДОО има развиено дистрибутивна мрежа низ цела Македонија и на терен функционираат вкупно 20 дистрибутери.

Фабриката е опремена со најсовремена техничко-технолошка опрема, со еколошка филтрација која гарантира во секој момент здрав и квалитетен продукт на пазарот. Процесот на производство се контролира тековно во сопствена лабараторија со помош на високо стручни кадри. Производствениот капацитет на компанијата Кожувчанка е во согласност со најсовремените техничко-технолошки достигнувања, во Европа и во светот.



*Линија за полнење насокови „Синалко“*

Денес, успехот на компанијата се должи на Менаџерскиот тим на Кожувчанка од Кавадарци, предводен од Генералниот менаџер, г-ѓа Јанинка Чупаркоска, а со посветеноста за стекнување на довербата кај потрошувачите, компанијата работи за да остане дел од секојдневниот, квалитетен живот на граѓаните.

# #Информатичка технологија



Брзиот подем на технологијата доведе до развој и зголемување на бројот на компании за информатичка технологија. Според податоците на Централен регистар, бројот на компании во земјата кои се регистрирани во дејноста компјутерско програмирање, опрема и софтвер, телекомуникациски дејности, компјутерски консултанстски дејности, обработка на податоци, хостирање и други услуги во врска со информатичката технологија е значително зголемен.

Општина Кавадарци исто така го почувствува подемот на информатичката технологија при што се зголеми бројот на технолошки компании кои се индикатори за моќта и силата на ИТ- секторот, а компаниите ги зголемија потребите и предизвиците да обезбедат доволно пред се високо квалификувана и стручна работна сила.



Во општина Кавадарци се регистрирани над 15 успешни и препознаени компании за информатичка технологија кои имаат постојана потреба од специјализиран високостручен и технички кадар.



# #Графичка индустрија и печатарство

Основите на традицијата на печатарството во општината датираат уште од првата половина на 19 век. Во 1838 година Даскал Камче ја отвараат Ваташката печатницата, една од првите во Македонија во соработка со богатиот кавадаречки трговец Јовко Марков. Се претпоставува дека во неа го отпечатил првото дело на Гутенбергова печатарска машина, а тоа била световната книга „Служение еврејско“. Даскал Камче успеал во мрачниот среден век да отпечати една светла страница од македонската историја.

Графичката индустрија во општина Кавадарци, денес достигна висок степен на развој кој се огледа во можноста за квалитетно производтство на сите хартиени и графички производи. Во последно време сè поголем развој забележа производството на амбалажа. Неколкугодишниот динамичен развој на оваа дејност создава поволен амбиент за вложување во производство на печатарска хартија, која сеуште не се произведува во Република Македонија. Можност за инвестирање во функција на зголемување на капацитетот постои кај графичката дејност во делот на осовременување и воведување нови технологии како и потребата од вработување на специјализирана и обучена работна сила.



# #Трговија, малопродажба и мало стопанство

Носители на оваа дејност се трговските претпријатија, како и малите производни претпријатија. Општина Кавадарци е општината во која работат најголемите фирми од оваа категорија во земјата. Кавадарци веројатно е место каде најлесно може да се најде работа во овој стопански сегмент.

Носители на дејноста трговија се трговските претпријатија. Трговијата се дели на внатрешна и надворешна. Внатрешната трговија е трговија на големо и трговија на мало. Според територијата, внатрешната трговија може да биде државна, регионална, општинска, локална и др. Надворешната трговија претставува увоз или извоз надвор од границата на државата. Во општина Кавадарци има голем дел од компаниите кои се занимаваат со трговска дејност.

Голем дел од овие фирми основани од кавадаречки претприемачи освен со трговија на големо и мало, се занимаваат и со производство пред се на мебел и ПВЦ столарија. Нивното претприемништво и квалитетот во работата ги вбројуваат на врвот од македонското мало стопанство и трговија.











# # Шуми, шумски потенцијал и стопанисување

Во делот на природните богатства општина Кавадарци на југ и запад располага со големи површини на бујни и богати шуми. Тие се распространети на планините: Кожуф, Вишешница и Козјак. Овде растат различни видови листопадни и четинарски дрва: бука, бел и црн бор, ела, плускач и цер, а на еден хектар вирее и молика, редок вид на четинар карактеристичен за планината Пелистер.



*Шумски фонд напланината „Кожуф“*

На територијата на општината Кавадарци се наоѓа најголемиот и најквалитетен шумски етат во Македонија, со вкупна површина од 48.576ha. шума. Залихата со која располагаат шумите во општината изнесува 5.000.000 $m^3$ на дрвна маса. Заради големата површина на стопанисување се отворени вкупно 607 km. шумски патишта. Добар дел од нив се користат и за рекреација и спорт.

Со шумскиот фонд во општината стопанисува ПШС „Бор" Кавадарци, како дел од Јавното Претпријатие „Македонски шуми", чија основна дејност е одгледување, заштита и искористување на шумите. Во овој сегмент од стопанството потребен е квалификуван и високо квалификуван стручен кадар пред се од шумарска струка.

За таа цел општината во 1956 година во Кавадарци го формира средното земјоделско-шумарско училиште со две насоки – општа шумарска и лозаро-винарска, каде се школуваат кадри од 4-ти и 5-ти степен стручна подготовка. За потребите на училиштето во 1983/84 година, од расположливиот шумски фонд издвоена е наставно научната шума „Михајлово" објект каде е забранет секаков вид на сеча. Тој простор општината го намени за теренска настава на учениците со кој стопанисува СОЗШУ „Ѓорче Петров“ од Кавадарци.



*Шумата на планината „Вишешница“*



*Зградата на шумарското училиште „Ѓорче Петров“*

Во задолжителниот сегмент за заштита и унапредување на шумите Подружницата Бор Кавадарци има семенски насади од ела, бел бор и црн бор во Шумско Стопанската Единица „Рожден I“, како и со дуглазија во ШСДЕ „Витачево“.



*Отворен ден на шумарското училиште*

Семето кое го собира, го користи за сопствени потреби и за продажба кај други подружници.  Од 1967 год. работи расадникот во с.Марена кој се простира на површина од 10 ha. каде се произведуваат садници на класичен начин и садници добиени од резници. За видовите кои својот максимум го постигнуваат на поголема надморска височина (1000 МНВ) е направен расадникот „Мала Круша" на Кожуф Планина.



*Дрвосечач на Кожуф*

Значителни количини од овој шумски посадочен материјал користи и општината Кавадарци која секоја година во есен и пролет реализира акции за пошумување на голините во соработка со шумскот „Бор“, стопанските субјекти и еколошките здруженија од градот.

## #Мелиорација и наводнување

На територијата на Општина Кавадарци се наоѓаат два значајни Хидро мелиоративни системи: ХМС „Тиквеш“ и ХМС „Бошавица“



Водениот потенцијална акумулацијата „Тиквеш“

Хидро мелиоративниот систем ХМС „Тиквеш“ по своите карактеристики е еден од најголемите и најзначајни хидромелиоративни системи во Македонија. Користи вода од Акумулацијата „Тиквеш“ чија брана се наоѓа на излезот на Црна Река од клисурата „Скочивир“ над селото Возарци. Вкупната проектирана бруто површина за наводнување во Х.М.С.Тиквеш била 17.760 хектари, а вкупната бруто можна наводнувана површина изнесува 13.258 хектари. Изграден е во периодот (1969 - 1971) година, а пуштен во функција при крајот на 1971 година.



Земјоделски површини под хидросистем „Тиквеш“



Отворен магистрален канал

ХМС „Тиквеш“ дистрибуира вода преку систем на магистрални и разводни канали на географското подрачје кое ги опфаќа површините и корисниците од општините Кавадарци, Росоман, Градско, Неготино и Демир-Капија. Од вкупните наводнувани површини ( 75-85 )% се лозови и овошни насади.

ХМС „Бошавица“ е многу помал систем од „Тиквеш“. Изграден е во периодот од 1956 до 1960 година со зафаќање на водите Река Бошавица над селото Конопиште. Тоа е првиот повеќенаменски хидро мелиоративен објект во општината. Преку систем на тиролски зафат, канали, сифони, тунели, вијадукти и слободен тек во коритото на Бунарска река, водата од Бошавица е донесена до браната „Моклиште“ над с. Ваташа.



Отворен канал „Бошавица“ над Ваташа

Водата од овој систем се користи за наводнување на полето под Кавадарци и селата Глишиќ и Марена, преку системот К1 и К2.

Овие два хидро системи се користат повеќенаменски и тоа за: снабдување со вода за наводнување, снабдување со вода на комунални претпријатија за наводнување и технолошки потреби, снабдување со



*Земјоделски површини од кавадаречкото поле под систем за наводнување К1-„Бошавица“*

вода на правни и физички лица за индустриски потреби, одводнување на земјиштето како и за снабдување со вода за производство на електрична енергија.

Со овие два системи за наводнување управува Подружница „Тиквеш“ - Кавадарци, како дел од АД „Водостопанство“ на Р.С.Македонија во државна сопственост која е формирано поради: користење, одржување, експлоатација и контрола на системите за наводнување на подрачјето на дејствување.



*Визионери и инжинери кои го осмислија и изградиа ХМС „Бошавица“ над с.Конопиште -од предавањето во рабоата1960 год.*

# #Општествени дејности

- Образование
- Здравство
- Култура
- Културни манифестации
- Спорт и рекреација

## #Образование

Образованието има важна функција во општеството. Преку силен образовен систем се менува структурата на општеството, семејството и професијата. Образованието во кавадаречко има длабоки корени и долга и светла традиција. Првите ќелијни училишта се отвараат во просториите на Моклишкиот, Полошкиот и Бошавскиот манастир во текот на XVIII и XIX век . Првото световно училиште во Тиквешијата е отворено во с.Ваташа во 1830 година. Основач и прв учител бил Даскал Камче.

Градот Кавадарци првото училиште го добива во 1938 година каде се учело до четврто одделение. Првата нижа трикласна гимназија е отворена во 1897 година, а во 1919 година прераснала во четирикласна. Со отварањето на гимназијата во градот се јавуваат театарската група, пејачка група, „Соколското друштво "итн.

Образовниот организиран систем Општина Кавадарци го воведува во периодот после Втората светска војна. Општината непрекинато работи на подобрување на условите во сите образовни институции. Во изминативе години се вложуваше многу во подобрување на училишните згради, кои се вториот дом на учениците. Локалната самоуправа постојано ги следи трендовите во образованието и овозможува училиштата да бидат место за инспирација на нови знаења.

Во однос на предучилишното образование општина Кавадарци го надмина проблемот со недостиг на капацитети за опфат на деца од предучилишна возраст во детска градинка. Па така сите децата од предучилишна возраст се згрижени во објектите на детската градинки кои освен во градското подрачје ги има и во руралните подрачја.

Денеска образовниот систем во општината го сочинуваат една детска градинка со осум објекти, шест основни училишта во градот со исто толку подрачни во селата: Дреново, Возарци, Бегниште, Глишиќ, Марена и Сопот, како и основно музичко балетско училиште.

Општината е основач на три средни училиште од кое една гимназија и две за средна стручна спрема. Во градот има и неколку дисперзирани студијски програми на универзитетот „Гоце Делчев" од Штип.

**Основни училишта:**

- ООУ „Димката Ангелов-Габерот" Кавадарци
- ООУ „Страшо Пинџур"
- ООУ „Тоде-Хаџи-Тефов"
- ООУ „Димката Ангелов-Габерот" с.Ваташа
- ООУ „Гоце Делчев"
- ООУ „Тошо Велков-Пепето"
- ОО Музичко-балетско Училиште „Лазо Мицев-Рале"



*Првото училиште во Тиквешијата во с.Ваташа*

**Средни училишта:**

- СОУ Гимназија „Добри Даскалов“
- СОЗШУ „Ѓорче Петров“
- СОУ „Ќиро Спанџов-Брко“

**Детската градинка „Рада Поцева” која ги опфаќа следните клонови:**

- Ваташки Цветови
- Снежана
- Детелинка
- Гроздоберче
- Изворче
- Буба Мара
- Петар Пан
- Ѕвончица



*Зградата на првото предвоено основно училиште денес ООУ „Димката Ангелот-Габерот“*



*Зградата на првата предвоена гимназија денес ООУ „Страшо Пинџур“*



*Новата зграда на првото изградено повоено училиште ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“*



*Новата зграда на гимназијата „Јосип Броз-Тито“ денес гимназија „Добри Даскалов“*

## #Здравство

Квалификуваната здравствена заштита во Кавадарци е востановена за време на Отоманската империја во 1894 година со лекарот д-р Махмуд Џелаледин Ефенди. Историски тоа е првиот организиран начин на лекување на населението од Кавадарци 50-тина села оддалечени ид до 50 километри од градот. Претходно лекувањето се вршело на традициоанлен начин, а го изведувале народни лекари екими.

Во периодот на двете Балкански и двете Светки војни здравствениот систем во Кавадарци се заснова на еден до двајца лекари кои повремено ординирале на оваа територија. првиот лекар македонец е Џорџи Каламчев родум од Беломорска македонија. Тој бил дипломиран фармацевст, а потоа студирал и завршил медицини. Ја отворил првата аптека во градот, а работел и во првиот стационар, антималаричната станица во Кавадарци. Поради големото присуство на комарци, болеста туберкулоза била честа појава во Кавадарци. Токму затоа Министерството за здравство на Кралството СХС ја отвора оваа амбуланта за да се справи со тешката болест. Прва медицинска сестра која работу во неа е Султанка Хаџи Василева, која популарно ја вилале докторка Сута. Антималаричната станица била отворена во 1932 година.



*Објектот на првата болница во Кавадарци „Анти маларичната станица“*

Подемот на здравствената заштита почнува по формирањето на Македонската држава во 1944 година. Веднаш по ослободувањето повеќе куќи во градот се адаптирани за здравствена заштита. Во 1947 година на некогашното фудбалско игралиште под „Тепето“ е изградена првата наменска зграда за здравство (денеска градинка) во кругот на старата болница. Низ годините на тој простор се градат и објектите за гинекологија, интерно и хируршко, нервно, општа амбуланта, детски и школски диспанзер и забната амбуланта.



*Ојекти во старата болница*

Објектот стара болница функционира до 1989 година кога се предаде во употреба новата денеска Општа болница. Во овие 77 години во здравството на општината работеле околу 5.000 лица од



*лекари и медицински сестри во старата болница*



Општа болница Кавадарци

Кавадарци во струките дипломиран доктор по медицина, дипломиран д-р стоматолог,дипломирани фармацевти, како и допломирани стручни соработници и медицински кадар со средна стручна спрема, пред се медицински сестри и лаборанти, и друг персонал. Седуммина кавадрчани биле или се Редовни и вонредни професори на медицински факултет, неколку доценти, универзитетски предавачи и асистенти на факултет.



Болнички простор во стационар

Денес кавадаречкото здравство функционира како примарно и скундарно јавно здравство, а развиена е квалитетна приватна примарна здравствена заштита. Јавното здравсто во текот на годините неколкупати ја менува формата на дејствување со повеќе различни субјекти. Последната трансформација е од 2018 година кога дотогашниот Здравствен дом (примарна заштита) и Општата болница (секундарна заштита) се спојуваат во еден субјект Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност Кавадарци.



Реновиран ентериер

Современото здравство во Кавадарци денеска го сочинуваат Општата болница со проширена дејност, организираната мрежа на приватни доктори и на стоматолози, неколкуте медицински лаборатории, како и мрежата на приватни аптеки.

Општината во чија надлежност е примарната здравствена заштита во последните години интензивно работи на нејзино развивање. Преку буџетот постојано финансира вложувања во инфраструктурата, а во соработка со бизнис секторот од општината преку донации помага во осовременување на опремата и средствата во боницата. Последните две години актуелната општинска власт финансираше во обновување на амбулантите во поголемите села, каде е воведена и редовна лекарска пракса.

## #Култура

Долга и богата е кутурната историја на општината.  Библиотекарството датира од 14 век, првата театарска претстава со актери од Кавадарци е прикажана пред 90 години, организираниот фолклор е регистриран во 1937 година. Таа богата традиција е основа за денешниот богат и разнообразен културен живот.

Општината Кавадарци е основач на институции кои се носители на сите културни манифестации што се одржуваат во општината. Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ Музеј-Галеријата, и градската библиотека „Феткин“ се трите институциите од културата.

### Дом на Култура

JОУ Дом на култура „ИванМазов-Климе"-Кавадарци е најстарат институција од обласга на културата Постои од 1953 год. и дене е еден од најактивните Домови на култура во Македонија. Организира театарски претстави, концерти од сите музички области, ликовни изложби, фотографски изложби, промоции на книги, литературни читања, трибини, мултимедијални настани, филмски проекции и др. Во склоп на домот функционираат театарот и фолклорниот ансамбл „Тиквеш“.




*Дом на култура „Иван Мазов-Климе“*



*Актери во првата театарска претстава*

Театарот при Домот на културата „Иван Мазов Климе“ е најстарата и најплодна дејност. Но она што е карактеристично за кавадаречкиот театар во изминативе години е дека на неговата сцена играле и се уште играат исклучително добри и талентирани актери аматери кои овозможуваат и покрај неговиот статус на полупрофесионален театар, на сцената да се играат претстави со одличен квалитет што се потврдува со бројни награди на театарските смотри во Македонија и надвор.

Првата посериозна претстава е пиесата „Зла жена“ одиграна во 1924 година во која играле група ентузијасти меѓу кои Александар Линин и Ристо Поп-Стефанов. Потоа следуваат претставите „Кољо и Невенка“ и „Цар Киро“ каде како режисер и сценограф се појавува Славчо Темков. Меѓутоа во 1929 година се случила првата официјална целовечерна театарска претстава пред бројна публика во

тогаш новиот хотел „Балкан“. Тогаш театарската група дејствувала во рамките на Културно уметничкото и спортско друштво „Братство“. Една од позабележителните претстави од предвоениот театарски живот во Кавадарци била претставата „Слугата Јернеј и неговото право“ во режија на Апостол Апостолов и Славчо Темков во која главните улоги ги толкувале Милан Даскалов и Димката Ангелов – Габерот.



Актуелниот ансамбал на театарот

Се до 1958 година во кавадаречкиот театар играле само актери аматери кога во Домот на културата е вработен првиот актер Васо Ангелов кој оствари маестрални театарски ролји. По него театарот ја добива првата актерка Милица Димова, по што се вработуваат Александар Видиков и Данчо Бањански, за во 1972 година театарот го добие првиот дипломиран актер Блаже Славев, кој одбележа еден исклучително плоден театарски период со најголем број претстави и негови режисерски остварувања, како и гостувања на гости режисери од професионалните театри.



А.Малинков и Д.Коцевски-во „Професионалци“

Наредниот период се вработуваат уште две актерки Милица Гочевска и Андријана Сапунџиева која останува многу кратко. Ансамблот се доекипира со вработувањето на Александа Малинков 1980 а многу подоцна и со Диме Коцевски кој на истата сцена имаше долг стаж како актер аматер. Со неговото вработување кавадаречкиот театар повторно ја врати својата публика остварувајќи низа претстави од жанрот комедии кои се играа на кавадаречки дијалект.  Фолклорниот ансамбл „Тиквеш“ е значаен сегмент од работата на домот накултурата. Коренитесе во далечната 1938 година кога кавадаречкиот фармацевт Васил Хаџи Манов формира фолклорна вокално инструментална група составена од ваташани и по некој кавадарчанец. Тие во 1938 година го освои првото место на фолклорен фестивалот во Белград. Притоа имале исклучително забележителен настап во програма во живона Радио Београд каде пееле изворни песни од кавадаречкиот крај на мајчин македонски јазик.



Од пречекот фолкорната групана Хаџиманов на плоштадот во Кавадарци



Фолклористи од Кавадарци 1954



Годишен концерт на ФА „Тиквеш“

Како признание „Тиквешката фолкорна група“ снима грамофонска плоча на 78 вртежи со изворни народни песни. Тое првата грамофонска плоча во историјата снимена со песни на македонски народен јазик. Фолкористите во  Кавадарци биле пречекани со сите почести.Фолклорот во домот се негува непрекинато и по Втората светска војна.Низ ансамблот кој сосема заслуженото носи името Кавадаречки фолкорни амбасадори продефилирале плејадана врвни играорци мажи и жени, кои со децении на сцената во Кавадарци, републиката и странство со песни и ора ја негуваат традицијата и ја шират по светот.

Домот на културата е организатор на традиционалната манифестација „Кавадаречка културна есен“ која од крајот на октомври, до декември секојдневно организира различни културни настани со настапи и презентација на домашни и стра
нски автори кои привлекуваат многу публика, консументи на различните културни жанрови.




Оро на градскиот плоштад во Кавадарци

## #Музеј Галерија



Реновираниот објект на „Музеј-Галерија“

Музеј-Галеријата Кавадарци е најмладата институција од областа на културата. Основана е во 1973 година, а со работа започнува во 1976 година. Институцијата поседува два објекти: стар музеј кај јаворот, и нов музеј во просториите на поранешниот „Младински дом“.Музејот поседува повеќе збирки и фондови од областа на археологијата, етнологијата, историјата на уметноста и современата македонска уметност. **Историскиот оддел** располага со 150 историски предмети, колекција од 4.000 фотографии и негативи, 500 слајдови, 1000 каширани фотографии, 3000 страници документи, 2000 страници мемоарски материјал, скромна библиотека со 400 историски наслови и останата литература. **Одделот за археологија** располага со над 200 примероци на ахеолошки материјал. Овој материјал датира од различен временски период, пронајден на територијата на Општина Кавадарци и се разврстува како камената пластика, архитектонски елементи, бази, капители, столбови, надгробни плочи, керамичен материјал, нумизматичен материјал, гробни прилози и метален накит. **Етнолошкиот дел** располага со вкупно 130 предмети од дрво, текстил и метал. Во сопственост на галеријата се наоѓаат 105 уметнички слики и скулптури на истакнати македонски автори и автори од поранешна Југославија. Тежиштето на активностите на Заводот-Музеј е насочено кон: истражувачка работи и набавка на музејски материјал, стручно- музеолошка обработка, заштита на материјалот и културно- историски споменици и културно- образовна и воспитна дејност.



Постојана поставка на оружје



Музеј на „Мирисот и вкусовите“

### Музеј на мирисот и вкусовите

Музејот е единствен од ваков тип во регионот. Тој е инвестиција од прекуграничната соработка меѓу Македонија и Грција во рамки на ИПА програмата на ЕУ. Музејот на мирисот и вкусот е дел од реализацијата на проектот Гастрономски Патишта „Кајмакчалан“.


Збирка на етнолошки предмети

Проектот „КАИМАК“ има за цел да придонесе за спроведување на заедничките прекугранични активности за поддршка на алтернативни форми на туризам, преку искористување на постојното природно и културно наследство на општината и регионот на Тиквешијата.Во склоп на музејот на мирисот и вкусот се наоѓаат спомен соби на истакнати кавадарчани, музикологот Васил Хаџиманов и интерпретаторот на македонски народни песни Никола Бадев.

Во 2013 година општината отвори спомен соба во која се сместени многу лични предмети на Васил Хаџиманов, етномузиколог, мелограф, а по професија фармацевт. Оваа соба е направена во негова чест и на овој начин родниот град Кавадарци му се оддолжува на овој истакнат деец и собирач на македонски народни песни. Васил Хаџи Манов е еден од најголемите македонски етномузиколози, мелограф и фолкорист. Во 1938 година за тогашното радио Белград со фолклористи пејачи и оркестар од Ваташа и од Кавадарци ја снима првата грамофонска плоча со народни песни на македонски јазик.


Спомен соба на Васил Хаџиманов

Спомен соба има и познатиот интерпретатор на македонски народни песни Никола Бадев. Роден е во с. Глишиќ, а музиката и свирењето на прим ги учи од неговиот вујко Васил Неделков. На почетокот од педесеттите години на XX век етномузикологот Васил Хаџиманов го ангажира како интерпретатор на народни песни во Радио Скопје, каде Бадев ја започнува блескавата кариера. Следат настапи и снимки на концерти во Македонија, Југославија и светот каде маестрално ја интерпретира македонската народна песана, особено Тиквешката. Поради специфичната и мека боја на гласот го добива прекарот „кадифено грло“.Песните испеани од Бадев се бисери во македонската народна песна.


Спомен соба на Никола Бадев

Посебен белег на музејот дава подрумскиот дел каде се сместени експонати од првата винарница" Тиквеш" основана во 1875 година од семејството Велкови од Кавадарци. Овде низ 500 поставки посетителите можат да се запознаат со подготовка на храна,



*Муљачот „Ламја“ на винаријата Тиквеш-Велкови*



*Експонати на производи од винарија Тиквеш-Велкови*

вино и ракија, како и со почетоците на ндустријализацијата и минатото на градот и регионот.

**Градска библиотека Феткин**



*Градска библиотека „Феткин“*

Почетоците на библиотекарството во општината датираат уште од 14 век. Во тоа време во Моклишкиот манастир Св. „Никола“ крај Ваташа имало богата библиотека на световни старословенски книги. Со значителен фонд на книги во библиотеката на конацита располагале и Полошкиот манстир Св. „Ѓорѓи“, како и во Бошавскиот манастир. Во триесетите години од XX век во Тиквешијата од културните институции започнува да работи подвижната библиотека, а во Кавадарци во 1935 година библиотека –читалиште.Градската библиотека „Феткин" е основана на 16 мај 1945 година. Во библиотеката функционираат два оддела: за возрасни и за деца. Библиотеката има богат фонд од 55.718 книги и читална со 60 седишта. Во библиотеката се одржуваат голем број на културно-забавни активности и манифестации.



*Внатрешноста на библиотека „Феткин“*



*Дел од фондот на книги во библиотека „Феткин“*

# #Манифестации

Општина Кавадарци ги почитува традицијата и културата. Како потврда за тоа е и покровителството во организирањето на трите најзначајни манифестации кои ја отсликуваат традицијата, културата и сегашноста на кавадарчани.

## Св. „Трифун"

Секоја година, 14ти февруари Православната христијанска црква го чествува како ден на лозарите и градинарите, а светецот се смета и како покровител на меанџиите. Овој празник во Кавадарци е меѓу најпочитуваните. Традиционално, на 14ти февруари се врши обредното закројување на лозјето. Рано наутро се одело во црква на литургија со молитва и осветена вода. Со оваа вода, за која се смета дека е ослободена од демоните и има лековита моќ, се прскале лозјата. Лозарите оделе во лозјето, каде закројувале неколку лози кои ги полевале со вино, а потоа ги благословувале со зборовите: „Господе, ти давам едно шише со вино за илјада да ни подариш". Во Ваташа, лозарите се тркалале меѓу редовите во лозјето, за така да се тркалаат и бочвите со вино. Во ова село било обичај, по закројувањето на лозјето, попот да забоде запалена гламја во дворот на црквата, со цел да се забрза заминувањето на зимата.

Во последните две децении и Општина Кавадарци е вклучена активно во одбележување на празникот. Под покровителство на градоначалникот и Советот на градскиот плоштад се организира богата културно уметничка програма, каде општината слави заедно со лозарите, граѓаните и гостите од страна.



*Симболично закројување на виновата лоза - плоштад*

Градоначалникот и Советот на општината даваат целосна поддршка на овој свет ден кој е симбол на градот. Затоа секоја година напладне на св. „Трифун" на градскиот плоштад се импровизира закројување на виновата лоза, од страна на градоначалникот и гостите. Главната цел на обележувањето е никогаш да не згасне традицијата која е од големо значење за граѓаните на град Кавадарци. Бидејќи и покрај современата технологија за производство на вино и ракија, кавадарчани чуваат и негуваат стари марифети за производство на убаво и квалитетно вино. Нивните домашни производи се изложени на штандови пред граѓаните за дегустација и оценување на квалитетот на виното, ракијата, маџунот, и традиционалната тиквешка храна.

„Дојди, пробај и види дали има поубаво вино и ракија од таа на Кав'дарчани“. Виното подобро оди кога се слушаат тиквешките песни од нашите традиционални тиквешки чалгии. Тие од бината на плоштадот секој 14 февруари ги забавуваат присутните пред општината на плоштадот.



*Штандови на винопроизводителите-плоштад*



*Прославана Св.„Трифун“-градски плоштад*

## „Тиквешки гроздобер“

„Тиквешкиот гроздобер“ е најстара стопанско-туристичка манифестација во Македонија, која го задржа својот идентитет, автентичност и уникатност. На почетокот од септември, секоја година Кавадарци го слави грозјето и виното како „дар од боговите“. Тој е продолжение на една долга и богататрадиција која на овие простори се одржувала уште во времето на античка Македонија, кога во чест на богот Дионис (Бахус) биле организирани т.н. „Дионисови денови“, на кои присуствувало целото население (слободните граѓани и робовите).



*Античка стела со мотив лозарство*



*Огномет-завршница на грозодберот*

Идејата за организирање е пројавена во февруари 1964 година, инспириран од слична гроздоберска манифестација во градот Дижон-Франција. Во септември градот и АК „Тиквеш“ го организираат првиот „Тиквешки гроздобер“, манифестација со културен, туристички и стопански карактер. Првиот организационен одбор на манифестацијата „Тиквешки гроздобер“ имал 60 членови, кои биле задолжени за изготвување на сценариото, за естетското уредување на градот, кореографијата, костимографијата, а преовладувале ликовните уметници од градот.

Првиот грозд на Тиквешкиот гроздобер на 7 септември 1964 год. го откинал Диме Галапчев, директор на АК „Тиквеш". Кавадарци беше препознатливо и по мото трките во организација на АМД „Страшо Пинџур" кои се бодуваа за Државното првенство на Југославија.



Откинување на првиот грозд 1964 година вака започна традицијата

Заштитен знак на манифестацијата во времето од 1964 до 1981 година е карневалската процесија со маскирани учесници од кавадаречките средни и основни училишта. Тие низ дваесеттина карневалски поставки ја прикажуваат традицијата на одгледување на виновата лоза, како и производството на вино, ракија, маџун и р'чели.

Централна личност на карневалот бил богот Бахус облечен во црвен плашт со голем глинен пехар во раката и круна од лозови гранки на главата. Тој е придружуван од најубавите девојки во градот (менади) облечени во плаштови од бела боја. Завршната церемонија на гроздоберскиот карневал задолжително било откинувањето на првиот грозд и рецитирањето на гроздоберската здравица за успешна и бериќетна реколта. На „Тиквешкиот гроздобер" гостуваат многу познати и признати уметници од Македонија и тогашна Југославија. Традиционален дел од гроздоберските настани била и „Земјоделската изложба" во салата Партизан



Бахус со менадите-мотив од првиот карневал 1964 година

Во периодот од 1981 до 1995 година поради финансиски и технички причини, Тиквешкиот гроздобер не се организирал. По скромниот обид во 1996 година да се обнови Тиквешкиот гроздобер, во 2000 година градоначалникот и Советот на општина Кавадарци донесуваат одлука манифестацијата Тиквешки гроздобер да биде традиционална, со цел да стане препознатливо обележје на Кавадарци и тиквешијата како најзначаен лозаро-винарски регион во Македонија.

Карневалската поворка е главниот настан и во обновениот „Тиквешки гроздобер" но со таа разлика што сега карневалското дефиле се базира на претставување на кавадречката винска традиција со нагласок на етно мотивите од тиквешкиот крај. Богот бахус е само симболично застапен во дефилето на карневалските групи.



Градоначалникот Митко Јанчев го откинува прviот грозд 2019 година



Настап на балканската музичка ѕвезда Здравко Чолиќ



Карневалска група на гостите играорци од Пела Р. Грција



Маска „Убавицата и Ѕверот“ гости од струмичкиот карневал

Во „Винскиот карневал“ покрај маскираните групи од Кавадарци постојани гости се и карневалските поставки од карневалите во Струмица, Прилеп, Вевчани, како и од збратимените и карневалски градови од регионот, со меѓународен карактер. Секоја година во „Винскиот карневал“ учествуваат над 1000 маскирани лица во повеќе од 30 поставки.

Кавадарци како град со богата карневалска традиција е член на меѓународната федерација на карневалски градови. Членството во оваа најмасовна карневалска асоцијација се заснова на традицијата која општината ја има во организирањето на карневал. Традиција што го слави грозјето и виното.

## „Кавадаречка културна есен“

„Кавадаречка културна есен“ е најмладата манифестација од културата во општината Кавадарци. Уникатна и специфична манифестација во Македонија и пошироко пред се поради терминот. Се одржува секоја година во месеците октмври и ноември. Сите други имаат Културни лета, ама само Кавадарци ја има својата „Кавадаречка културна есен“.


Кавадарчани во публиката на настан од културата

Општината го одбра овој термин поради лозарско земјоделската специфика. Во есен кога завршуваат земјоделските работи граѓаните имаат повеќе слободно време во кое и културата е дел од нивната сфера на интерес. Културните настани се одвиваат на неколку затворени и отворени локации во градот. Покровител на манифестацијата е општина Кавадарци, а ја организираат Домот на културата „Иван Мазов – Климе“, Музеј-Галерија Кавадарци и Библиотека „Феткин“. Љубителите на културата и уметноста имаат можат да гледаат и да уживаат во концерти на класична, етно, рок и џез музика, потоа да проследат квалитетни ликовни изложби, театарски претстави, фолклорни настапи и во други културни перформанси на кои настапуваат уметници од општината, републиката и од странство. Дел од манифестацијата е и малиот „Саем на книгата“.


Џез концерт во рамкте на „Културната есен“


Изложба на фотографии во Музеј-Галерија

## #„Василичари“-„Џоломари“

Општината во последните две децении традиционално е покровител и на „Џоломарите“-Василичари од селата во општината. Оваа паганска традиција најдолго се задржала во ридските села Бегниште и Ресава.

Се одржува традиционално на 14 јануари Василица. Ги симболизира таканаречените некрстени денови помеѓу Божик и Богојавление Водици. Во некрстените денови, по раѓањето на Христос, треба да се чуваме од лошите духови и злите демони. Тие се тука меѓу нас, па во нас. Затоа треба да ги избркаме и да не подлегнуваме на нивните искушенија, а на Василица Џоломарите ја имаат таа задача.

На тој ден маскирани мажи се групата џоломари во која учествуваат: дедо, баба, зет, невеста, поп, гатач и други џоломари. На Василица сред село се пали оган. Џоломарите рано наутро одат од куќа до куќа тропаат со клопотарците, ги бркаат самовилите, караконџулите, демоните. За возврат домаќинката ги дарува со брашно, месо, вино, ракија и други плодови. Попладнето кога се се стишува, се вадат реквизитите, џаламарите ја симнуваат од себе облеката, се мијат и седнуваат на трпеза. Притоа се прави баланс на собраните пари и даровите во храна и пијалаци. И започнува подготовката за идната Василица.

Маските на џоломарите од Ресава и Бегниште се препознатлив белег за овој крај. Тие се изработени исклучиво од природен материјал. Ќулафка-наметка, шајачни панталони, гумени опинци, волнени чорапи, околу половината врзуваат широки кожени ремени со 10 до 15 клопотарци, а мустаќите и брадата се од волна. Маскирањето на лицата се врши со саѓи од огништата.

Ритуалот завршува утредента на 14 јануари кога со песни со вино ракија и колбаси, се слави доаѓањето на Православна нова година, празникот Василица. Ако случајно ноќта помеѓу 13 и 14 јануари наминете во овие села, ќе морате да платите пари за да го поминете патот.





*Џоламари-Василичари од селата Ресава и Бегниште*



## #Спорт и рекреација

Кавадарци е познат и признат спортски град. Долга и богата е историјата на спортот во општината. Кавадарци е градот каде е изградена првата спортска сала во Македонија, салата на ДТВ „Партизан". Екипите и спортистите од градот освојувале балкнски, државни сојузни, републички и регионални титули во екипна и поединечна конкуренција. Кавадаречки спотристи успешно настапувале на Олимписки игри, светски, европски и балкански првенства, како во екипна така и во поединечна конкуренција.

Почетоците и корените на организираниот спорт во градот започнуваат во периодот помеѓу двете Светски војни. Фудбалот и гимнастиката се првите организирани спортови во градот.



*ФК „Победа"првиот фудбалски клуб во Кавадарци*



*Гимнастичарската екипа „Сокол"- Кавадарци*

Развојот на масовниот спорт и физичката култура растежот го имаа после Втората Светска војна со изградбата на салата „Партизан".Тогаш освен фудбалот се организираат и првите екипи во малите спортови, ракомет, кошарка, одбојка, карате, џудо, атлетика, велосипедизам и останатите спортови. Зенитот на квалитетен општински спорт на клубско ниво Кавадарци го има во втората половина од 20 век кога фудбалот, ракометот и кошарката беа признати и респективни учесници на републичките и сојузните лиги.

Во текот на годините Општина Кавадарци постојано ги поддржува, следи и помага спортските клубови, малиот училишен спорт, како и рекреативците во екипна и поединечна конкуренција.




*Северната трибина на градскиот фудбалски стадион*



Фудбалерите на ГФК „Тикваш“ во акција


Екипата на ГФК „Тикваш“

Во последната деценија општината вложува максимални напори, како финснсиски, организациони и човечки во заживување и помагање на спортот. Во склад со своите надлежности преку Општинскиот Сојуз на спортови вложува во изградба на инфраструктурата. Ревитализација, рекоснтрукција и проширување на постојните спортски објекти. Се реконструира целосно теренот и трибинита на градскиот стадион. Асфалтирана и осветлена е атлетската патека на СЦ „Јасмин“. Ограден е целиот терен, во зима се организира лизгање на мраз, се обновуваат соблекувалните на фудбалското игралиште, и е реновирана внатрешноста на салата „Јасмин“. Целосно е реконструирана и ревитализирана салата „Партизан“.



Првотимците на Градскиот ракометен клуб „Тиквеш“

Општината инвестира и во инфраструктурата за развој на масовниот училишен спорт со изградба на школски спортски сали, како и во рекретаивни цели. Во моментот се гради пешачко-велосипедска патека од Ваташа до Воденицата во „Моклиште“ која ќе се надоврзи на кејот шеталиште на брегот на реката Луда Мара. Со ова Кавадарци ќе се вброи во водечките градови кои создаваат солидна основа и за рекретаивно спортување на граѓаните.




*Старт на полумаратонот „Кавадарци трча“*




*Кошаркарите на КК„Еуро никел“ воакција*




*Меморијален фудбалски турнир „Вуко Каров“*



*Ракометен натпревар во спортската сала „Јасмин“*



*Спортски центар „Јасмин“*

Во општината работат повеќе спортски екипи:

КК „Уроникел“ кошарка

Градски фудбалски клуб „Тиквеш“1930 Кавадарци

Градски Ракометен клуб „Тиквеш 2014“ Кавадарци,

Женски Кошаркарски Клуб „Трокал“,

Карате клуб „Кавадарци“,

Атлетски клуб „Кавадарци„

Џудо клуб „Кожувчанка" КМ-КМ

Ракометен клуб „Тиквеш јуниори 2012“

Карате клуб “Тиквеш“



ДТВ „Партизан“ 1956год. Првата спортска сала во Македонија

Кик бокс клуб „Будо“

Стрелачки клуб „Кавадарци“

Карате клуб „Енерџи-осс“

Кошаркарски клуб „АКадемик“

Тениски клуб „Црна Река“

Карате клуб „Сансаи“

Здружение ,Партизан – срни“

Општински сојуз на училишен спорт на Кавадарци

Карате клуб „Елен-Еден“

Здружение за кошарка „КК Јасмин – 95“

Спелеонуркачки клуб „Врело“ Скопје

Спортски риболовен клуб „Оскар“

Здружение на граѓани „Нинџутсу клуб Татсуџин“

Кошаркарски клуб “Про баскет бал “

Пинг-понг клуб „Кавадарци“

Атлетски клуб „Тиквеш“



Лизгалиштето во СРЦ „Јасмин“

Кошаркарски клуб „спортисимо баскет“

Аеро клуб „Витачево“

Планинарско спорско друштво „ОРЛЕ“

Здружение „Тиквешки Точакџии“

Планинарски клуб „Зелен брег“

Карате клуб “Ронин каи кан“

Фудбалски клуб “Марена“ с.Марена

Фудбалски клуб „Сопотско поле“ с.Сопот

Атлетски клуб „Олимпија 2019“,

Фудбалски клуб “Габер “ с.Ваташа

Боди Билдинг клуб „Екстрим џим 212“

Кик Бокс Клуб „Кавадарци“

Здружение на рекреативци и активни екологисти „МЕРИДИЈАН АТЛЕТИК ЕКО“

Клуб за мал фудбал „Клими“

Здружение „Тиквешки делфини“

Здружение фитнес клуб „Будо- Фит“

Фудбалски клуб “Ваташа 2019“ с.Ваташа

Здружение одбојкарски клуб “Тиквеш волеј“ 2019



Реконструкција на градскиот фудбалски стадион

# Туризам

Општина Кавадарци сместена во централното Повардарие на својата територија ги има: најголемото виногорие на Балканот и Југоисточна Европа, планинскиот масив Кожуф, висорамнината Витачево, како и најголемата вештачка акомулација „Тиквеш“. Овие компаративни предности нудат одлични услови за развој на туризмот како стопанска гранка во чии рамки се опфатени сите форми на туризам од кои предничи активниот туризам што подразбира истражување и посета  на повеќе места во Туристичката дестинација. Развојот на туризмот во општина Кавадарци е на самиот зачеток, потенцијал е минимално искористен, од причина што во минатото не му била дадена особена важност како стопанска гранка од која може да се изгради економска развој.

Лозарството и винарството на овие простори имаат традиција уште од античко време. Во околината на Кавадарци се најстарите виногорија: „Белград“, „Ваташкото“ како и „Ресавско Бегнишкото“ виногорие. „Белград“ е опеано и во најпознатата македонска народна песна Билјана платно белеше. Овие факти се одлична појдовна основа за развој на винскиот туризам. Токму во овој сегмет Општина Кавадарци има неисцрпни ресурси за развој на алтернативниот туризам

Планинскиот масив Кожув претставува едно од последните недопрени предели, последиот „Еко бисер“ како во Македонија така и на Балканот. Поставеноста и рељефната структура на Кожуф и подкожувјето нудат извонредни услови за развој на: планинскиот, селскиот, спелеолошкиот, алтернативниот, екстремниот и еко туризмот.

Овде се наоѓа езерото Тиквеш. Разгранетиот брег, рељефот и богатиот биодиверзитет на флората и фауната, е добра појдовна основа за развој на алтернативниот туризам. Околината каде е лоцирана акумулацијата е едно од најстарите виногорија  во тиквешијата, Ресава-Бегниште. По воден пат се стига до еден од најстарите манастири во Европа, манастирот Св „Георги“ Полошки. На падините на Кожуф и Вишешница се наоѓа и ендемскиот вид на дабово дрво наречено „Гол човек“. Ова дрво го добило името поради сличноста на неговата кора со човечката кожа како по боја така и по допир. Тој факт е доволно привлечен за туристите.

Денеска вештачката акумулација „Тиквеш“ прераснува во туристичка дестинација која привлекува домашни и странски туристи и нови инвеститори кои вложуваат средства во иградба на мини хотели кои се издаваат.

Со изградбата на новиот граничен премин „Пулево“ на Кожуф, Општина Кавадарци ќе стане нова патна артерија на Македонија и соседна Грција, со што протокот на луѓе низ нашата општина ќе забележи зголемен пораст. Со олеснувањето на времето за патување како и позиционирањето на Општина Кавадарци во Европската карта на транзитни општини.

Во наредната деценија може да се каже дека Општина Кавадарци има предиспозициии да стане водечка туристичка дестинација во Македонија за алтернативниот туризам. Општината на овој план вложува многу, пред се во создавањето на инфраструктурни предуслови за развој на претприемништвото во туризмот.




*Виногориета и планината основа за алтернативен туризам*

## #ХОТЕЛИЕРСТВО И УГОСТИТЕЛСВО

Кавадарци и тиквешијата од секогаш се познати по своето гостопримство, уште од дамнешно време Кавадаречани на некој особен начин се издвојувале од останатото население во нашата држава во однос на приемот и комуникацијата со гостите, патниците намерници што престојувале во Кавадарци.

Зачетоците на развојот на угостителството и хотелиерството е изградбата на „АН"-ови кои биле на два ката. На првиот била сместена стоката и местото за послужување на храна, додека на вториот спрат било сместено местото за спиење.

Првиот хотел во Општина Кавадарци бил изграден од Петре Камчев–со прекар Американецот, повратник од печалба во Америка. Хотелот кој го изградил пред Втората светска војна бил првиот кој за тоа време ги задоволувал сите стандарди. Бил изграден од тврда градба со ресторански дел на првиот кат и сместувачки капацитет на вториот кат. Овој објект го позиционирал Кавадарци како едиствен град после Скопје кој во тоа време ги поседува високите сместувачки стандарди. По Втората Светска Војна хотелот е срушен и на негово место е изградена зградата на Македонски пошти.



*Хотел „Југославија"*

До почетокот на новиот милениум во општина Кавадарци во функција имало два хотелски објекти и тоа хотел Фени и хотел Балкан. Додека отварањето на угостителски објекти започнува да зима замав исто така со почнување на новиот милениум. Низ општината никнуваат низа ресторани и кафетери кои нудат угостителски услуги во делот на храна и пијалоци.

Во изминатите неколку години со забрзаниот економски развој на град Кавадарци но и со можноста за отворање на мали бизниси се издвојува моментот што на територијата на општина Кавадарци се отвараат мини и средни идивидуални сместувачки капацитети кои нудат услуги на принципот ноќевање со појадок. Ваквиот тренд зема се поголем замав, пред се заради зголемената туристичка атрактивност на општината што влијае на привлекување на зголемен број посетители кои го практикуваат алтернативниот туризам како форма на патување, но и зголемената посета на општината од бизнис делегати кои остваруват економски договори со бизнис заедницата од Општина Кавадарци.

Согласно зголемената потреба од сместувачки капацитети се наметна потребата за отварање или модернизирање на постоечките со што квалитетот на понудата на угостителски услоги може слободо да се каже дека е во рамките на стандардите кои се барани од клиентите.









*Хотелско угостителски објекти*

## Езеро „Тиквеш“ (Тиквешко Езеро)

На територијата на општина Кавадарци се наоѓа според површина најголемата вештачка акумулација во Македонија, езерото „Тиквеш“ во народот познато како Тиквешко Езеро. Лоцирано е во јужниот дел од Републиката, во кањонот на Црна Река. Акумулацијата се протега во правец север-југ и има конусна форма. Езерото на излезот на Црна Река од „Скочивирската клисура“ го формира земјена брана со глинено јадро изградена на 2 км. над селото Возарци.



*Панорама на езерото Тиквеш од вливот на Црна Река до браната кај Возарци*

Од град Кавадарци е оддалечено 12 километри. Езерото зафаќа површина од 14 км², а при максимален водостој е долго 28,5 километри. Најголемата длабочина изнесува 105 метри, а волуменот на водата при полна акумулација изнесува 475.000.000 м³. Главни извори на вода за полнење на езерото се Црна Река и Драгор, Леринска река како и други помали водотеци. Максималната температура на водата во летниот период достигнува и до 24ºC, што го прави привлечна туристичка дестинација. Тиквешкото езеро е посакувана дестинација за голем број на викенд туристи, но и за љубители на најразлични видови на спорт во вода. Варовничко-геолошката структура на крајбрежјето што ја чинат падините на планините Кожув и Вишешница создава развиена и живописна брегова линија со многу заливи (фјордови), стрмни и карпести брегови, најголем дел покриени со густа и бујна шума. На брегот има неколку пештери и јами со исклучителна убавина на пештерскиот накит. Тиквешкото езеро изобилува со различни видови растителен и животински свет. Водата е богата со автохтони видови на слатководни риби. Поради изобилството на риба во езерото опстојува и речниот сом, риба грабливец од која се уловени и капитални примероци подолги од 2 мерти и со тежина над 100 килограми. Крајбрежјето е дом на многу животни и птици меѓу нив и ретки птици-грабливки.



*Вештачкото езеро „Тиквеш“*

**Лов**

Природните чисти и еколошки услови во регионот пред се на планините Кожуф и Вишешница овозможуваат погодности за развој на ловот и ловниот туризам. Во општината постојат седум ловишта: Каменодолско, Сопотско, Шешковско, Страговско, Горниковско, Рожденско и Бохулско. Во ловиштата од овој крај се застапени скоро сите видови на влакнест и пердувест дивеч и дива свиња.



Како резултат на овој исклучителен потенцијал на разновиден животински свет, Општина Кавадарци се вбројува меѓу позначајните и признати ловни ревири во Македонија.



Првиот сом капиталец уловен во езерото „Тиквеш“ 1969год.



Диви свињи на „Кожуф“

**Риболов**

Хидрографијата на општината, реките и водните акумулации се основа за стопански и спортски риболов. Како најатрактивна локација за спортски риболов е вештачката акумулација, Езеро „Тиквеш“. Езерото е меѓу најбогатите води со разновидна риба во државата. Поради тоа е исклучително атрактивна дестинација за спортските риболовци. Во неговите води живеат следните видови на бела риба: крап, караш, црвеноперка, легла (попадика), клен, лињак и белвица. Езерските води се особено познати по големите количини на рибата грабливец сом. Во езерото се уловени примероци тешки над 100 милограми и подолги од 2 метри.

На територијата на општина Кавадарци за риболов можат да се користат: Црна Река, Бошавица, Раец и Луда Мара (Ваташка Река) кадедво горниот тек наоѓаат се акумулациите: Ваташко езеро „Градот“ и Брана „Моклиште“.

**Природен резерват „Тиквеш“**

Во околината на Тиквешкото езеро постои природен резерват именуван како „Строго заштитена зона на природата“. На овој простор се евидентирани 132 различни видови на птици. Како карактеристични се издвојуваат крупните грабливи птици кои спаѓаат во светските реткости. Во природниот резерват се забележуваат грабливките: црн мршојадец и царски орел, kaњите и белоглавиот мршојадец.



*Хранилиште на ретки птици грабливки на Витачево*



*Орнитолошки резерват „Врапче“ на планината Вишешница*

**Планински Масив Кожуф**

Кожуф Планина е една од 13-те планини во Република Северна Македонија повисоки од 2000 метри. Се наоѓа во јужниот дел на нашата држава, долж границата со Грција, помеѓу долините на Вардар на исток, Бошава на север и Блаштица на запад. Планината е издолжена во правец североисток-југозапад, а зафаќа вкупна површина од 543 km². Планинското било е релативно заоблено, освен помеѓу највисоките врвови Зелен Брег (2165 m) и Дудица (2138 m), но и на југ на територијата на Грција. Кожуф во основата е составен од палеозојски шкрилци, а над нив се тријаски варовници и вулкански карпи. Пред 30-тина милиони години, овде започнала интензивна тектонска активност со активирање на бројни раседи и вулкани со еруптивно излевање на големи маси вулканска-андезитска лава и исфрлање на пирокластичен материјал. Од нив се изградени повеќе возвишенија и вулкански купи и тоа: Васов Град, Острец, Момина Чука, Коприва и др. Во долината на Бошава на север има бројни денудациски форми во вулкански карпи во вид на камени кукли или земјени пирамиди. Кожуф геолошки е меѓу најмладите планини во Македонија. Од врвовите на Кожуф, при ведро и чисто време се протега прекрасен панорамски видик на Солунско Поле и дел од Солунскиот Залив на Егејското море.



*Масивот на „Кожуф“ со врвот Дудица*

Северно од Бошава е пространата висорамнина Витачево, настаната со натрупување на вулканска пепел (туф) по ерупциите на кожуфските вулкани. Како резултат на бурната вулканска активност на Кожуф се бројните ретки минерали на западната планинска страна. Особена разновидност на минерали има рудникот Алшар кој е познат во светски рамки по појавите на талиум, посебно минералот лорандит – еден од најретките минерали во светот. Лорандитот се користи во научни цели за детектирање на неверојатно ситни честички т.н.



*Кањонот на реката „Каменица“*



*„Кукли“ - геоморфолошки објекти на с.Конопиште*

неутрината кои доаѓаат од Сонцето. Поради тоа, за кожуфскиот лорандит е заинтересирана и НАСА. Климата на Кожуф е особена, бидејќи овде се меша влијанието на медитеранската клима од југ и умерено-



Кожуф под снег

континенталната од север. Затоа на самиот планински гребен се јавуваат нагли временски промени, понекогаш за само половина час. Во високите планински делови, преку зима навејува големо количество снег (до 2,5 m),. Во лето, климата е пријатна, воздухот чист, свеж и не многу студен, така што имаме чувство дека сме во вистинска „воздушна бања“. Ветровитоста е доста изразена, посебно на планинските сртови, врвови и по долината на некои реки како Вардар, Бошава и Конска Река. Кожуф се одликува со застапеност на голем број на планински извори, од кои повеќето имаат минерален карактер. Изворите се студени и функционираат преку цела година. Под високите врвови се изворите на повеќе потоци и реки: Дошница, Бошава, Конска Река, Блаштица, Стара Река, Жаеница, Грашница и други. Горните текови на реките се доста стрмни, со бројни брзаци и водопади високи до 20 метри. Кожуф е планина со изразито богат растителен свет. Застапени се разновидни листопадни и иглолисни шуми, кои продолжуваат кон планинските пасишта богати со лековитите растенија и билките кои ги има во изобилство и кои се употребуваат за медицински третман на различни заболувања. Заради уникатниот и разновиден релјеф, чистиот воздух, пријатната клима, бројните студени и минерални извори, чистите планински реки, разновидниот растителен и животински свет, Кожуф е една од најубавите планински дестинации во Македонија. Кожуф ќе ве остави без здив, без оглед во кое годишно време ќе го посетите.

Подрачјето на Кожуф со своите особености е дел од зоната на туристички атракции од регионален интерес. Затоа е се поголем бројот на посетители на планината, желни за чисти недопрени предели. Месноста Михајлово е одморалиште кое се наоѓа во пазувите на Кожуф планина. Михајлово е едно од најстарите излетнички места во општината кое нуди чист планински воздух и рекреација и активен одмор.



Сместувачки капацитет „Михајлово“

## #Цркви и манастири

Во Македонија па и пошироко на Балканот христијанството како религија и вера прв го проповедал светиот Апостол Павле, а во тие негови мисионерски патувања го придружувале апостолите Лука, Тимотеј, Сила и Тихик.

Појавата на христијанството во Тиквешијата има долга и богата историја и традиција. Во кавадаречко до денес се откриени неколку ранохристијански базилики, кои датираат од крајот на 5 и 6 век. Ранохристијанската базилика кај с.Крњево, близу реката Бошавица, каде е откриена трикорабна ранохристијанска црква со полукружна апсида, нартекс и ексонартекс на култното место св. Атанасие. Ранохристијанска базилика во близина на селото Дреново во месноста на „Кртозов Рид“ е откриена во 2009 год. Се карактеризира со раскошна архитектонска диспозиција со сите елементи што се карактеристични за овие градби:олтарна преграда со парапетни плочи со престава на крстови,розетни,монолитни столбови со бази и капители, а за прв пат во овој крај е откриен во мозаик во апсидалниот простор. До 2014 година се откриени епископски престол-трол, подот во презвитериумот покриен со камени плочи, нартексот, крстилницата помошни простории и др.



*Црквата „Богородица“ во ц.Дреново*

Во близина на селото Долна Бошава во текот на 2012 година е откриена ранохристијанската базилика кај култното место Св. Илија на југ од селото. При ископувањето е откриено големо количество на архитектонска пластика (бази, капители, столбови) и поголемо количество на садовна и градежна керамика, и неколку надгробни плочи.

Меѓу најстарите црковни објекти кои и денес постојат и им пркосат на забот на времето се





*Пештерска црква св.„Лазар“ во близина на с.„Бегниште“*

црквата Св. Богородица во с. Дабниште од 13 век , црквата Св. Богородица во с.Дреново од 14 век,



Црква св. „Ѓорѓи“ - Полошки



Фреска Оплакувањето на „Богородица“ - црква св.Ѓорѓи Полошки

Полошкиот манастир Св. Ѓорѓи од 14 век, Моклишкиот манастир Св.Никола од 16 век, црквата Св. Спас во с.Праведник од 17 век итн.

Во кавадаречко постојат остатоци од две пештерни цркви. Едната Св.Лазар се наоѓа во близина на с.Бегниште во кањонот на Бегнишкиот залив на Тиквешкото Езеро, а другата Св .Никола во близина на с.Драдња, временски датираат од 14 век.



Манастирски комплекс св.Ѓорѓи Полошки

Голем е бројот на цркви и манастири кои настрадале во времето на османлиските освојувања на овие простори. Меѓу нив се црквата Св.Димитрија во с. Ресава од 14 век , црквата св.Михаил Архангел во Ваташа од 14 век , црквата Св.Димитрија во с.Злешево , (близу с.Раштани и Ваташа), црквата Св.Атанасие во Ваташа и др. Во Турските документи за историјата на македонскиот народ, во пописните дефтери на Ќустендилскиот санџак од 16 век се говори за систематско уништување на црквите и манастирите во Тиквешијата, како најдиректен удар врз иноверните покорени народи.



Црква св.„Никола“- манастир моклиште

Црквте и манастирите во Тиквешијата како центри на духовната култура имале мошне голема улога и во ширењето на описменувањето и

образованието на луѓето од овој крај. Тие биле седишта на првите ќелијни училишта во овој дел на Македонија. Појавата на првите ќелијни училишта во тиквешкиот крај датира од триесетите години на 18 век, најнапред во Полошкиот а подоцна и во Моклишкиот манастир. Ќелијните училишта биле поделени на световни и духовни, односно на граѓански и црковни. Учениците кои ги посетувале овие училишта наставата ја учеле на црковно –словенски јазик. Најзначајни предмети кои се изучувале во црковните ќелијни училишта биле: наусница, часослов, псалтир, апостол, светче евангелие, црковно пеење и друго, а секој кој ќе ги совладал овие предмети се сметал за учен човек. Манастирските конаци во тиквешките манастири распорагале и со богати библиотеки во кои имало богат фонд на црковни книги и стари ракописи. Така Полошкиот манастир Св. Ѓорѓи располагал со богата библиотека која имала околу 50 товари книги, а Моклишкиот манастир Св.Никола библиотека со околу 20 товарни книги и стари ракописи. Меѓутоа со текот на времето од многу причини овие богати библиотеки биле запустени.Постојат податоци кога за опостушувањето на библиотеките придонеле и тамошни учители, кои заради материјална корист ги одземале вредните и ретки книги и истите ги продавале.Така Јордан Хаџи Константинов-Џинот во времето кога работи како учител во Ваташа и Кавадарци само од Полошкиот манастир однел голем број ретки книги и истите ги продал на Народната библиотека во Белград. Црквите и манастирите во Тиквешијата се места каде биле напишани и издадени првите литературни и духовни дела од овој крај. Така свештеникот Симеон од Бошавскиот манастир Св. Архангел Михаил во 1632 година напишал книга со мошне интересни метеоролошки податоци и содржини. Тоа заедно со Тиквешкиот зборник пронајден во селото Мрзен Ораовец преставуваат најстарите зачувани писмени материјали за овој крај. Во истиот манастир во 1740 година свештеникот Христо Грамотик од с. Конопиште напишал книга посветена на игуменот Калиник од Бошавскиот манастир. Оваа книга била со поучни содржини и денес истата се наоѓа во Народната библиотека во Белград.Помеѓу свештениците кои оставале богата оставина од црковно –словенски ракописи е и ваташкиот свештеник Григорие Хаџи Јорданов. Тој во црквата Успение на



*Црква св.„Димитрија“ 1965год.*



*Реконструирана црква св.„Димитрија“ 2020год.*

Пресвета Богородица оставил десет ракописи од крајот на 19 век чиј збир изнесува повеќе од 2000 страници. Денес овие ракописи се наоѓаат во НУБ „ Св.Климент Охридски “ во Скопје. Потребно е да се знае дека и во времето на Балканските и двете Светски војни од тиквешкиот крај е изнесено големо движно културно наследство од црквите и манастирите. Така со сигурност се знае дека 1916 година како припадник на втората бугарска дивизија во февруари бугарскиот етнолог Антон Поп Стоилов однел од Тиквешијата непроценливо движно културно наследство од црквите и манастирите. Меѓу другото се споменува еден споменик во резба изработен од дрво од Полошкиот манастир, еден часослов од 1765 година печатен во Русија, еден псалтир со ракописи од 17 век, еден печатен Ирмологиј, печатен во Русија во 17 век, неколку мермерни плочи од црквата во с.Ресава, еден мермерен релјеф од 13 век од црквата Св .Богородица во Дреново, еден Тримесник од 1563 година и уште многу други предмети и истите ги испратил на Народната библиотека „Васил Коларов“ во Софија.

Неговиот колега, археологот Богдан Филов, директор на Археолошкиот музеј во Софија во втората половина на јули 1916 година ги посетил Неготино, Кавадарци, Ваташа, Полошки манастир, селата Ресава, Дреново и Мрзен Ораовец и од таму однел богат движен црковен материјал и истиот го испратил во Софија.

Овој крај од памтивек бил познат по производство на квалитетно грозје и прочуено тиквешко вино. Во раниот среден век црквите а особено манастирите биле познати по производството на убаво црвено вино, кое освен за потребите на црквата еден дел од него и се продавало. Има записи дека и Полошкиот и Моклишкиот манастир поседувале винарски подруми (виници) во кои се приготвувало убаво вино, а начинот за неговото приготвување игумените го чувале како врвна тајна и ја предавале од колено на колено.

Гледано од глобален аспект, состојбата со црквите и манастирите во кавадаречко е на задоволително ниво. Во неколку села во кавадаречко се изградија нови цркви или се прават напори за ревилитизирањерто на оние цркви кои поради забот на времето или човечката негрижа се наоѓаат во исклучително лоша состојба. Во градот Кавадарци, општината во соработка со приватниот бизнис, граѓаните и Македонската православна црква изградиа нова соборна црква Св. „Петка“, а исто така се рконструраше и старата црква Св. „Димитрија“.




*Соборна црква св.„Петка“ 2020год.*




*Велигден во соборна црква св.„Петка“*

## #Невладин Сектор

Општина Кавадарци има исклучително активен невладин сектор кој делува во повеќе области и нивните активности и програми се во насока на подобрување на квалитетот на животните стандарди на граѓаните на Општина Кавадарци со придонес кон пошироката заедница. Општина Кавадарци е во постојана соработка со невладиниот сектор и со низа активности ја помага работата на здруженијата и фондациите. Невладиниот сектор има за цел унапредување на соработката преку воспоставување на механизми за соработка, поголема транспарентност и отчетност. Програмата на невладините организации има за цел да иницира поголемо учество на граѓанскиот сектор, преку негово директно вклучување во работењето на општината, да ја стимулира работата на невладининиот сектор и да ги зајакне кадровските капацитети на Здруженијата и Фондациите.

Општина Кавадарци на невладините организации за непречно функционирање им обезбеди бесплатен канцелариски простор и опрема во Регионалниот центар за НВО сместен зад новиот Музеј на мирисот и вкусовите во поранешниот Младински дом.  На овој начин општината најдиректно помогна да се зајакне нивната ефикасност и да се даде придонес кон локалната заедница. Кавадарци е меѓу првите градови во Македонија каде невладиниот сектор има оптимални услови за работа и дејствување.

Во општина Кавадарци се регистрирани повеќе невладини организации кои активно работат на активности и проекти од различен домен:

**Здружение на глуви и наглуви-**

**Мобилност-**

**ЗГ за заштита, рахабилитација и организација на децата за РЕО Кавадарци**

**Фестивал" Карневал"**

**Слоу фуд**

**Народна техника и радио клуб Искра**

**ЗГ на слепи лица**

**ЗГ Зона**

**ЗГ Иднината е сега**

**ЗГ Ластарчиња ЛозарчињаЗГ Панчелито**

**Рибари Оскар**

**Алтер Центар**

**Црвен Крст**

**Еко Живот**

**Креатив**



*Саем на не владини организации*

**ОЖ Визија**

**Здружение за негување и развој на винската култура, туризам и производи од грозје Винотек**

**Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Порака-Кавадарци**

**Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди-Кавадарци**

**Здружение Чекор кон Европа-Кавадарци**

**Здружение на граѓани Васил Хаџиманов Јуниор**

**Здружение Ликовна колонија Михајлово Арт**

**Друштво на ликовни уметници Кавадарци**

**Планинарско спортско друштво Орле Кавадарци**

**Здружение на Тиквешки Роми**

**Здружение Меѓународен фестивал на детски и младински хорови**

**Здружение на граѓани Карневалска група Сопот**

**Здружение на граѓани карневалска група Џоломари Бегниште**

**Општински Совет за превенција од малолетничко претставништво на град Кавадарци**

**Мултиетничко, мултикултурна организација Вешта жена, подружница Кавадарци**

**Здружение на писатели Тиквешки цветови**

**Здружение на ловци ТИКВЕШИЈА**

**Џоломари Ресава**

**Џоломари Дреново**

**Рурален Фокус**

**Афродита Бела**

**Аеро клуб Витачево**

**Тиквешки Точакџии**

**Сцена Прва**

**ЕВО-Организација за европски вредности**

**СППМД**

**Здружение на цивилни инвалиди од војната**

**Мото клуб Тиквеш раидерс**

**Креактив**

**Совет за превенција од малолетничка деликвенција**



*Регионален центар за НВО*

# #КАВАДАРЦИ БЕЗБЕДЕН ГРАД

Од септември месец 2019 година кавадарчани на телефонскиот број 13 300 можат да ги пријавуваат сите проблеми со кои се соочуваат, а за кои надлежна е општината и јавните претпријатија. Повикувачкиот центар работи 24 часа, седум дена во неделата.

Повикувачкиот центар се наоѓа во посебна просторија на општинската зграда. Се обработуваат повеќе информации. Се примаат повици од граѓаните. Поврзан е со сите важни служби од општината, ЈП Комуналец, ТППЕ Кавадарци и ЈП Паркинг.



Контролна соба на повикувачкиот центар

Во центарот предвидено е да се обработуваат сите податоци кои ќе се добиваат од терен , да се информираат надлежите институции кои ќе бидат опфатени во системот , некогаш да се даваат и конкретни задачи или налози за работа на службите, во зависност за кој сегмент се работи и каде треба да се проследи информацијата.

Пријавите и прашањата кои пристигнуваат од граѓаните, се евидентираат во софтвер и во зависност од типот на проблемот и пријавата автоматски се распоредуваат на лица кои се назначени да ги решаваат, истите да интервенираат и да одговорат. Тука имаме и мерење на ефикасност за колку време е одговрено, дали е решен проблемот по пријавата и опис на направената интервенција

Се поголемото оштетување на општинскиот имот, општината ја чини околу 6 милиони денари. Поради таа причина во месец декември истата година поставени се безбедносни камери. Опфатени се околу 20 локации и влезовите во градот. Видео надзорот се поставува исклучиво за заштита на зелени површини, заштита на пешачки патеки, сообраќајни знаци, семафори, заштита од диви депонии и се што е пропишано во законот. Овој систем функционира во согласност со законите. Сите локации каде се врши видео надзор се обележани.



Видео надзор

Во наредна фаза видео надзорот ќе биде и во функција на регулирање на сообраќајот. Воведен е систем за радиокомуникациска врска. Поврзани се мој општинар, јавните претпријатија Комуналец и Паркинг и Противпожарната единица, за да може да се интервенира во најбрз можен рок, кога се во прашање,

дефекти, пожари, манифестации. Во тек е и имплементација на софтвер за подземен катастар.

Во тек е и имплементација на софтверско решение за попис и статистика на сите зелени површини, заради заштита и проширување на зелените површини. Направен е проект за сопствено исцртување на сите главни сообраќајници во google stret view, каде може да се прави разгледување во 360 степени достапно за сите граѓани. Општина Кавадарци во последните неколку години бележи голем економски раст. Прогресивното развивање на Општина Кавадарци во поглед на позитивните економски случувања, подобреното општество во кое младите наоѓаат простор за градење кариера и напредок, доведе до идеја за еден ваков проект, се со цел да помогне да се подигне квалитетот на живеењето во нашата општина. Во време кога градовите се соочуваат со огромни економски и еколошки предизвици, токму технологијата може да биде клучен фактор за надминување на градските проблеми и унапредување на урбаното живеење. Веќе неколку години водоснабдувањето на Кавадарци се следи онлајн преку „скада ситем“. Во секој момент има информации колкави се резервите на вода, колкав е дотокот на вода, а по зони се следи и потрошувачката на вода. Уличните светилки се вклучуваат со електронски дефиниран систем во точни часовни зони. Со вклучен ГПС систем за мониторинг и детектирање на проблемите. Со овој систем не се троши електрична енергија непотребно, бидејќи светилките се вклучуваат тогаш кога е потребно.

Насмевка за возачите кои ја почитуваат дозволената брзина на движење со своите возила и налутено смајли за оние кои возат со поголема брзина. Ова го покажуваат десетте сообраќајни знаци што се поставени на неколку локации низ кавадаречките улици. Целта е да се делува врз свеста на возачите дека со прилагодена брзина придонесуваат за поголема безбедност во сообраќајот.

Ова значи подобрување на сообраќајните режим, култура и безбедност. Сообраќајните знаци ги опоменуваат возачите и зависно од тоа дали ја почитуваат препорачаната брзина на движење или не, им покажуваат насмевка или налутено лице. Општина Кавадарци сака да има организиран систем во сообраќајот, со негова постојана онлајн контрола. Сите овие проекти го прават Кавадарци безбеден град за живеење. По теркот на светските метрополи секојдневно општината е отворена за нови предлози и реализирање на нови проекти. Со имплементирање на овие проекти Кавадарци е на врвот на листата на безбедни градови во нашата држава.



*Панорама од новиот центар на градот*

## Зошто Кавадарци !?

Една од поголемите амбиции на младите е преку своето образование, својот труд и својата упорност да можат да го запознаат светот. Со патувањата и искуството од престојот во друга држава учиме за други култури и друг начин на живот. Собираме искуства кои понатаму , низ животот, ќе ни бидат од големо значење.

Но она за кое што нема никаков начин да се избрише или промени , е нашиот роден крај. Родниот крај во кој сме го поминале детството со безброј спомени кои со радост ќе ги прераскажуваме. Младоста која се развивала низ улиците на нашето Кавадарци. Сликовитото прераскажување за некои локации кои создале приказна која ќе ја раскажуваме и на нашите внуци.

Во изминатите години Кавадарци стана еден од водечките економски градови во државата. Поволната бизнис клима нуди многу можности за започнување на нов бизнис и многу можности за градење на кариера. Податокот дека во нашата општина невработеноста е неверојатни 4 проценти ја покажува големата конкуренција и отворените можности. Ова е една од причините зошто да одлучите да останете во Кавадарци. Низ страниците на оваа книга ќе го забележите големиот напредок на нашата општина во сите сегменти од општеството. Урбанизација, инфраструктура, нови сообраќајници, нови содржини за младите. Кавадарци се движи напред. Безбедноста на градот е на едно високо ниво, кое нуди општина во која вашето идно семејство ќе може да просперира и да живее квалитетен живот.

И покрај развојот и напредокот, општината има уште многу капацитет кој може да се развива и да се вложува. Туризмот е една од гранките која има голем простор за развој. Кавадарци нуди многу можности за истражување и локации на кои им е потребна уште поголема промоција за привлекување на туристи. Угостителството и хотелиерството веќе се на високо ниво со што имаме подлога за уште поголем развој на туризмот. Се очекува дека во скоро време Кавадарци ќе се придвижи чекор напред кога е во прашање туризмот.

Најсилна причина зошто да останеш во Кавадарци е затоа што го сакаш Кавадарци, го сакаш твоето родно место, твоите корени.

Ти, млад читателу, ја имаш целата слобода да одиш, да истражуваш, да се образуваш, да собереш искуства а потоа твоето Кавадарци е тука да те пречека со раширени раце. Овде имаш веќе плодна почва за да го продолжиш твојот живот. Дома си е дома. Оваа мала книга нека ти биде инспирација за да работиш и се трудиш, еден ден можеби ти ќе ги промениш страниците, можеби ти ќе бидеш причина за уште поголем развој на нашата општина. Кавадарци и сега е модерен и современ град кој има безброј можности за развој.

Кавадарци те сака, ете затоа Кавадарци.

# #ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Првиот историјски облик на Локална самоуправа во Кавадарци кога наместо окупаторот, кавадарчани владееле со својот град е забележан во јуни 1913 година. За време на Тиквешкото востание од 20 до 26 јуни во градот е воспоставена градска управа од 12 видни кавадарчани, а за претседател (градоначалник) е именуван во тоа време почитуваниот и виден трговец Тасе Бошков.


Тасе Бошков

На Општинските избори во Кралството СХС одржани во август 1920 година, Комунистичката партија во Кавадарци победува со убедливо мнозинство, а во градот е формирана народна општинска управа од кавадрчани. Кавадарци бил познат ширум тогашна Југославија како „Црвено Кавадарци“.


Градската управа 1920год.

Градот после седумдневната слобода и крвавото задушување на „Тиквешкото востаниет“, како и „Црвената Комуна“, чекал 24 година до новата слобота на 7 Септември 1944 година. Од тогаш до денеска општината ја раководат кавадарчани. Во овие 76 години слобода на чело на општината застанеле вкупно 29 избрани лица на функцијата Градоначалник.

За време на СФР Југославија со општината како претседатели на Општинскиот одбор, а потоа и на Општинското собрание управувале 25 наши избрани сограѓани. Додека по независноста од 1991 година, поточно после одржаните први повеќепартиски демократски избори во 1996 година, на востановената функција Градоначалник се наоѓале 5 кавадарчани избрани со гласовите на граѓаните на директни избори.


Зградата на општината во 1962год.

**Ова се луѓето кои од 1945 година до денеска биле на чело на Општина Кавадарци:**



Блажо Еленов 1944 г.



Блажо Мукаетов 1944-45 г.



Тошо Кимов 1945 г.



Пане Хаџи Тефов 1945-1947 г.



Илфијадо Костов 1949 г.



Драган Коцев-Госо 1948-1949 г.



Блажо Паракеов 1948 г.



Страшо Бакев 1947-1948 г.



Тодор Спанџов 1950 г.



Тошо Грозданов 1951-1952 г.



Тошо Чулев 1952 г.



Диме Галапчев 1952-1963 г.



Љупчо Шкартов 1963-1964 г.



Вуко Каров 1964 г.



Киро Роглев 1964-1967 г.



Александар Грков 1970-1978 г.



Стојан Андов 1967-1970 г.



Јанаќи Мицев 1978-1979 г.



Милан Камчев 1978-1982 г.



Мито Малинков 1984-1986 г.



Диме Ѓорчев 1982-1984 г.



Глигор Дубров 1986-1988 г.



Панчо Еленов 1988-1989 г.



Перо Стојанов 1989-1990 г.



Ванчо Чулев 1990-1996 г.



Манчо Мицајков - 1996-2000



Панчо Минов 2000-2009 г.



Александар Панов  2009-2017 г.



КАВАДАРЦИ

од високо...

***Фото приказна:***



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ









ОПШТИНА КАВАДАРЦИ













ОПШТИНА КАВАДАРЦИ














Riste



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ






ОПШТИНА КАВАДАРЦИ





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ











ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Го сакам Кавадарци, сакајте го и вие

*Градоначалник*
*М-р. Митко Јанчев*

Го сакам Кавадарци

| | |
|---|---|
| Издавач | Општина Кавадарци |
| | М-р. Митко Јанчев |
| Уредувачки колегиум | Димитар Мурџев |
| | Сузана Андоноски |
| | Сања Крстиќ |
| | Гордана Белевска - Мустафа |
| Литература | Петре Камчевски |
| | Д-р. Милан Петров |
| Фотографии | Бранко Ивановски |
| | Петре Камчевски |
| | Тони Коцев |
| | Ристе Стамаџиев |
| | Димитар Мурџев |
| | Александар Ѓорѓиев |
| | Ѓорѓи Голчев |
| Лектор | Сузана Андоноски |
| Дизајн | Добре Петрушев |
| | Петре Здравков |
| Подготовка и печат | ГРАФО ПРОМ Битола |

*Голема благодарност на сите кои помогнаа во собирање и обработка на материјалите за издавање на оваа публикација*

*Печатено во тираж од 700 примероци*

*Август 2020*



**2020, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**